# *Продавачот на ветар и магла*

## *и други приказни*





Расказите изложени во оваа скратена електронска верзија на „Продавачот на ветар и магла и други приказни“ беа објавувани и споделувани во книжевни списанија („Акт“, „Стремеж“, „Современост“, „Ш“, „Рукописи“) и на интернет портали (zenica.mk, mkd.mk, kuckamen.mk, okno.mk, reper.mk, ilike.mk, fakulteti.mk), беа застапени во прозни антологии („Планета Скопје“, „Антологија на (нај)новото“).

Оваа електронска верзија содржи не помалку од третина и не повеќе од половина, што значи добар дел од содржината на оригиналната книга и нејзината цел е... па, заклучете сами.

Према тоа, ако ви се допаѓа, може директно да ме контактирате на markovskistefan@gmail.com или https://www.facebook.com/stefan.markovski.165.

За дополнителни информации, не е забрането следење на фан страната https://www.facebook.com/vetarimagla.

И така...

# На место предговор

„Продавачот на ветар и магла" е првата ѕбирка раскази на г. Стефан Марковски.

Делото компилира различни (видови) раскази, вклучувајќи и некои напишани уште од неговите средношколски денови, други напишани во почетниот и подоцнежниот стадиум од неговото студирање, а трети, пак, напишани за време на неговиот престој во САД минатата 2014-та.

Токму заради ова, лесно воочливи се стилистичката, семантичката и синтаксичката дискрепанца меѓу нив.

Некои од расказите се меѓусебно толку различни и неспоиви што, како што му се довериле некои од читателите, оставаат впечаток дека се напишани од сосема различни автори, што веројатно доловува еден незанемарлив аспект од неговата творечка еволуција на планот на книжевноста.

Нема сомнеж дека дел од читателите ќе препознаат некои од нив, такви кои веќе биле електронски споделувани и изведувани на разни перформанси и читања.

Сепак, најголемиот дел од нив се ексклузивно вклучени токму во ѕбиркава, каде влегува и драмата по која истата е именувана, инспирирана од претходно напишаниот истоимен расказ.

Расказите се посветени на луѓе кои повеќе не се меѓу нас, такви кои нè напуштиле пред природниот и конечен одѕвон на биолошкиот часовник.

Но тие се посветени и на Тебе, драг и непознат ко-актеру во недовршената апсурдистичка комедија наречена *животно патување*.

С. Марковски

# Пред говор

Збирката која од пред малку ги допира вашите уникатни дланки е напишана од Стефан Марковски и неговото алтер-его од длабоките мракови на книжевноста, Марко Стефановски.

Некаде низ нејзините страници изработени од лелеава жолта хартија со „мирис на книга“ (уствари ова е електронска верзија), според кажувањата на Марко, постојат текстови (кратка проза кодирана под терминот „раскази“) кои, впрочем, потекнуваат некаде од сферите на необјаснивото и речиси непостоечкото.

Според кажувањата на С. Марковски, потпишаниот автор на делото, кон неговото алтер-его, процесот на творење бил проткајан со повремени одблесоци инспирација во кои биле создадени поголемиот дел од расказите. За време на одблесоците, во неговата ментална визија одненадеж се јавувале Светлини невидливи, според неговите тврдења, за голото човечко око, Светлини неспознајни за голиот и толку ранлив ум човечки.

Времетраењето на овие Светлини останува неопределено, исто како и целокупната природа на нивните, според кажувањата, променливи, неповратни и синестезиски облици.

Анализирајќи го ракописов, дојдов до сознание дека Марковски не бил совршено свесен додека пишувал дел од расказите, што во извесна смисла сугерира на неговата можна улога како гласник кон луѓето од средишниот дел на Балканскиот Полуостров.

Гласник на некоја неопределена, за Земјиниот доминантен вид, сила, или цивилизација, како што се кажува во еден од расказите кои авторот евидентно ги напишал во еден од споменатите одблесоци.

Затоа, неговото алтер-его ви советува да бидете особено внимателни додека ги читате, свесни за иманентниот ризик од верижен пренос на непознатата енергија од овие одблесоци која може да ве опчини како што го стори тоа со мене.

Да се разбереме, кога станува збор за расказиве... ги има секакви. Ко вас, не?

М. Стефановски

● **Бурлеската отаде**

Се занимаваше со една од најдревните професии: беше манијак.

Катаден ја анализираше смислата на таа реч сè дур не сфати дека постепено, но длабински навлегува во водите на философијата.

Толку длабински, што кога одејќи ќе почнеше да го дефинира поимот „длабински“, шансите да шлапне во некоја отворена шахта растеа експоненцијално.

Постоеше сериозен ризик да стане како Талес или кој и да беше Елен кој се бапнал на земја додека ги следел ѕвездите без возвратена пажња.

Често си го замислуваше прекарот „Талес“ и по обичај му се згадуваше, си пикаше прст во грло, но бидејќи не можеше да поврати, одеше до една блиска пачварница, мешаше полусуво, полуслатко, црвено и црно вино со и без географско потекло, се опијануваше од ракија и сопствената егзистенција, повраќаше фокусиран во целулитот на кафанската пејачка, ги следеше движењата на ѕидот кој играше аргентинско танго со портретите од баба му заковани со 23 каратни златни шајки.

Примети дека станува философ моментот пред завршување на метафизичка расправа со наслов „За потеклото на можните каузалитети во световите на смислата и апсурдот“. Исто така работеше и на создавање збирка раскази со наслов „Ненадејната смрт на еден залутан кактус“, но не можејќи да се замисли како носител на прекар од типот на „Талес“ или „По“, како реката, ненадејно ги полеа со безоловен бензин двата ракописа и носејќи ги низ непознатите шуми во една далечна гора, ноќе, во лавежот на тишината – ги загуби.

Одлучи да и се врати на оригиналната професија во нов стил.

Запаѓајќи во непланирани долгови, си купи професионален кожен мантил со два долни краја, 3 дијамантски копчиња и 23 каратна врвка отспреди.

„Мантилов е професионален“ – изјави во еден миг, а веќе следниот го снема.

Некаде во темнината, каде велеа – сè уште демне.

Негде во лавежот на тишината, каде чиниш,

вапцајќи го хартиеното ѕидје со стихови чујни

за оние кои не дорекле и дочуле

се устремил кон сенката

и сеништето на заносот.

Можеби шахтите ја голтнале

осамата на бурлеската отаде.

**● Страстите на две допрени, недопирливи дланки**

На усните ти изникнал лотосов цвет, што и не е така чудно.
Те скокоткаат сеќавањата на еден друг лотосов цвет за време на својата пловидба, бранувајќи ја мирната површина на една баричка од мојата градина.
Помислуваш и на трет лотосов цвет, оној кој низ насмевка ми го тутна на уво.
И сето ова дури минуваш низ виножито, претворајќи се во Јас, а Јас во ти. Без да се разминеме.

**● Промена**

Денес мачката ми рече дека е разочарана од мене како нејзин сопственик и дека планирала да ме замени.
И реков:

- Твоја работа, не се мешам во тие води.

И ме остави на раат.
Мачешка работа, само да се менувало нешто.

**● Љубовта е наједноставната работа на светот**

- Што ако ти откријам дека љубовта е наједноставната работа на светот и сето она што си мислела дека го знаеш за неа не е друго освен уште една, усложнувачка мисла?

Сите сме деца, или поточно, близнаци на љубовта; родени в ист миг, на полноќ, под балустрадата на мајката Месечина и мирната раскриленост на таткото Езеро (на чија површина ги ловиме најслабите бранувања од еден галеб и една рипка кои припаѓаат на два различни света).

Ме прашуваш дали ова важи за мене? – Секако. Зошто мислиш дека љубовта меѓу двајца противречи на овие закони?

Ми паѓа жал кога велиш „повеќе не си романтичен“, не затоа што сметаш дека годините ми одзеле некаква дарба на духот; затоа што сметаш дека некогаш сум ја имал.

Сметав дека ме знаеш онака како јас тебе.

Сметав и пресметував затоа што тоа, едноставно, сум јас, колку тоа и да не сакаш да го прифатиш.

Колку тоа и да боли, колку и да е безболно и безбојно налик водата во езерово.

Колку и да трепериш од ветрот кој ти ги пара градите ко провев низ овие редови.

Жал ми е, но знаеш дека сум брутално искрен, заради што токму овде би ја прекинал мелодрамата на твоето следење на секој мој чекор.

Се вртам наспроти, но знам дека си зад мене.

(Иако живеам живот на осамен каубој, знаеш дека не сум Таличниот Том, како што и ти не си неговиот најверен сопатник.)

И ќе продолжиш да бидеш се дури Месечината не ме круниса за цар на ова небо, сенко невина.

- **Се сеќаваш ли и зошто не?**

    - Се сеќаваш ли кога ти скршив киндер јајце од челото, а ти во миг на изненаденост ме турна, та јас се струполив по скалите и умрев? Да, знам дека беше одамна, логично е да си заборавила.
    - А се сеќаваш ли на вечерта кога без да очекуваш ти го пресеков патот за миг потоа да лежам на него како резултат на твоите познавања од боречки вештини?
      Се сеќаваш дека тој инцидент ме чинеше заб и две ребра? Ах, и тоа си го заборавила.
    - А зарем не се сеќаваш на мојот пукнат нос мигот кога ти ја кажав несолената шега дека не те познавам, дека имам друга, а ти халуцинираш? Таа вечер токму јас халуцинирав зашто успеав да ги видам ѕвездите, а најсјајната меѓу нив го носеше твоето име.
      Секако дека и тоа останало одвеано од виорот на твојот неизлечлив заборав.
    - А што со оној момент кога со колено рефлексно ми влезе во грб откако топчињата со кои се обидував да жонглирам самите ме доведоа меѓу твоите прекрасни нозе? Не знаев кај си, а тоа ме чинеше привремено губење на свеста и којзнае колку клетки во мозокот. Зарем и тој... ах, да. Залудно е да повторувам повеќе.
    - Сигурно си заборавила и на чвргата од моето предминато шишање или на маглата од пред некоја недела која низ удар ни ги обедини главите.

Поставувајќи си во себе уште едно од низава прашања на усните ми се јавува лак свртен надолу; знам дека се сеќаваш на мигот кога прв пат те здогледав

и ти го упатив за истата вечер да се обедини со оној од твоите усни, допирајќи ги сегде кајшто потајно сакаа.

Познавајќи ги подобро од нив самите.

Знам кои се миговите-жртви кои пајаковата мрежа на твоите сеќавања успеала да ги улови и тоа повторно успева да те направи наивно слатка во моите очи.

Истите тие, кои вперени безмилосно во твоите, моментов ти го велат истото што и цели раскази кои нежно ти ги милуваат очичките дури низ насмевка се обединуваш со нивните вистини.

Оние кои пишувале и допрва ќе пишуваат за сеќавањата кои ќе си ги читаш.

**● Левиот, десниот, горниот, долниот, напредниот, назадниот, внатрешниот и надворешниот**

Си седеа, тие, осумнината, кој спроти друг, кој пред друг, кој зад друг, кој помеѓу, кој над друг, кој под друг, кој до друг, секој со свои марифети и адети.
Немаше други, само тие.
Просторијата беше просечна, широка, висока, дебела, речиси правоаголна.
Секој го гледаше оној до или спроти себе: кој в очи, кој в усни, кој среде брунката од врвот на носот, кој во мрсните локни на неизбањатите косишта, кој во од пијанството од претходната вечер зарументетите образи, кој во врвот од неизбричената брада, кој никаде, кој секаде одеднаш.
Беа, ќе речеш, секакви и никакви, ко да станувaше збор за безброј и ниту еден. Или можеби за еден. Или за осумина.
Откако се отвори влезната врата, просторијата нагло се осветли, и веќе можеше да се видат.
Вратата ја отвори оној однапред.
Но, веќе следниот миг беше исто толку затворена одназад.
Дали затворањето беше дело на назадниот?
Не можам да речам, а веројатно ниту тие.
Што значи да се биденазаден?

**● И небото никогаш не дојде**

Седнуваш на маса и решаваш да пишуваш проза со најкратки можни реченици.

Земаш тефтер, пенкало.

Почнуваш.

„Воз. Седнуваш. Седнуваат уште тројца шо зборат на арапски. Едниот подава „Сникерс“ на другиот.

Ти: Guys, do you know that we’re all brothers from different mothers? The situation in Syria is terrible example of humanitarian disaster. How come you’ve got here? Do you know that your country, apart from being Iran’s ally, is home to the largest Russian military base in the Mediterranean so that the West can sponsor radical groups -- while Russia can use it as a pretext to defend Assad’s regime meaning that your conflict can last for decades until the whole of the infrastructure becomes ruined and economically destroyed?

Тие: لماذا نت ک يدهم  أب Boko Haram ي ف سعي و أن. Tabib.

Говорни знаци. Еден од нив вели „Алах“ и покажува накај небото и своите очи и уши.

Господ од небото гледа и слуша сè.

Прекин. Тама. Изземнина.

Доаѓа кондуктер. 100 евра.

Кондуктерот: Бегајте таму ајде, не му сметајте на човекот! Дојдете седнете у ова другото купе!

Кондуктерот (кон тебе): Ти смрдат, нели? Не ги пуштај вака илегалциве друг пат.

Стануваш. Одиш до тоалет.

Кондуктерот трие раце.

Среќата е глагол.

15 минути. Учење.

Вратата се отвора.

Турчин.

Ти: Здраво.

Турчинот: Здраво господин. Ќе сакаш ли да примиш двајцава. Македонски јазик не знаат. Но, добри.

Ти: Секако. Salam.

15 минути. Трансцедентна медитација.

Ти: (Рапуваш.) “Borders should be illegal instead of the people”.

Читаш. „Лидерството во структурата на секоја организација е детерминирано од 3 компоненти:

1. **Целите и стандардите** – да бидат високо и јасно поставени, да постои слика за нивна остварливост;
2. **Системот на вредности** – грижата за вработените, клиентите, инвеститорите и заедницата да е евидентна;
3. **Концептите на работење** – да бидат јасно определени и препознатливи во однос на ривалските/конкурентни организации.

5 минути. 5 цајкани.

Тие: Еве ги. Овде. Станувајте, кучиња.

Удар со нога во газ.

5 секунди. Празно купе.

Тоалет.

Двајца полицајци.

Едниот: Не знам зашто ни праат вака од горе. Ја би ги пуштил кајшо тргнале па нек си ебат матер!

5 минути. Велес.

5 шмизли со прекрстени нозе. Гаќите им мирисаат на Gucci.

Тие: Ау ама смрди! Се осеќа по 5 умрени крави у предисториска штала.

Ти: Имаше илегалци. И бегалци. И азиланти. Уствари не знам точно шо. Добри гаќи, иначе.

Тие: Аха.“

Се откажуваш од пишување и преминуваш на сликарство.

Го дочекуваш мигот кога станува ФАМОЗЕН сликар и скулптор со над 94 изложби.

Умираш.

Твоите клетки.

Твоите молекули и атоми.

Распад. Повторна реинтеграција.

Небо. Океан. Почва. Хумус. Микроби. Трева. Инсекти. Животни. Циклус.

Бескрај во крајот. Крај во бескрајот.

- **Што сега?**

Еве, расказов само што почна, а веќе сврши.

Што очекувавте?

Мене веќе ми се свиѓа, не знам за вас.

А и што е важно? Кој кого треба да праша за тоа?

Прашувате: Зошто неизвесност? Зошто олкава дрскост од страна на авторот?

Одговарам: Зошто?

Не знам, не знам дали требало или не. Така да биде.

На фотелјата на која седам додека го пишувам станува сè поудобно. Министерско чувство.

Мрзливо се подместувам, ко што ме мрзи да објаснувам. Речиси еднакво ко што ме примрзи и беспредметно да го пролонгирам.

Инаку, расказов ми е стварно супер, признале или не!

(Потајно се слагам со спротивното мислење, ама немам храброст да признаам.)

Го напишав специјално за оваа прилика, ама ретко на кој од вас би му било гајле за тоа.

Соседите пак пуштиле гласна музика во 3 по полноќ. Време е некој да отиде да им одржи лекција.

Ама не...

Мора да го довршам ова.

Уште слушате?

Кому му е грижа.

Безгрижно се смеам во темнината оставајќи го расказов без поента.

А можеби има? Што ако ни јас ни вие, едноставно не ја сфаќаме?

Најпосле, сите сме филозофи. Сите сме проклети филозофи...

Можеби тоа е?

Да, тоа е.

## ● Девојка

Ја сакав, иако не сум сакал да и кажам.

Не ја сакав, затоа што не знаев што сѐ би можела, што сакаше и што од тоа успеа да ми направи.

Не знам дали ја сакав – едноставно, не знам дали сакав да прогледам низ мистеријата преку која прелетуваше, осудена да се растопи со утринската магла некаде под облаците додека го пишувам расказов, веднаш откако ја запознаам.

Најпосле, не ја ни познавав вистински.

Не дека ТАА беше онаа. Не дека не можев да сонувам без неа – едноставно, кога „љубев" „вистински", љубев вистински – немав сништа. Не го сонував Рајот, не сонував кошмарни атмосфери, не ја сонував ниту непостоечката реалност на секојдневието – едноставно, спиејќи, мижев. Мижејќи, спиев.

Таа не беше девојката на моите сништа, а јас одамна се бев одвикнал од сонувањето, она вистинското, кое мнозина меѓу нас неупатените гоословуваа под дипломатичното име „љубов".

Се запознавме и знаевме единствено преку интернет, веројатно затоа што таа сакаше.

(Некои веднаш дигаат глава штом им кажеш дека со некого или со некоја си се запознал онлајн. Можеби им треба повеќе крв во некои делови од мозокот. Сеедно.)

Јас, токму во тој од мноштвото светови на фиктивната реалност се запознав со доволно луѓе да си го променам животот, дотогаш автодеструктивно монотон, некомплетен и, од X и У причини, социјално отсечен.

Но, таа беше една, како и животот.

Беше детинеста, слатка, мила. Како животот.

Не ме знаеше одвнатре, како што ни јас нејзе.

А кој тоа би можел да ја осознае отуѓената и отуѓувачка суштина на животот во очи на будноста?

Единствено ми беше битен поривот да ја допрам одвнатре, надвор од илузијата на вонсетилното, вон вештачките бои, ароми и Е-300 на сајбер-комуникацијата. Да ја допрам, макар и изгорел, како цигарава, петта по ред која некогаш сум ја вкусил.

Да ја вкусам, макар горчела повеќе од животов.

***

Ја здогледав, допрев и вкусив.

Уште наместо в сон, да беше на јаве...

Уште да беше од овој свет.

Уште да бев од оној свет.

## ● Биографија на дрвото

Се сеќавам кога се роди. На зрното од кое излезе од мојата рака.

Не се надевав да израсне, особено не вака стамено и гордо како што до неодамна познавав.

Биографијата му беше испишана на секој сантиметар од грамадата што ја претставуваше, на секој лист, секоја новоиздадена фиданка, секое гранче со дебелина едвај поголема од канџите на врапчињата кои врз него слетуваа.

Откако го исеков, а заради рационални причини – морав да се одлучам на тој чекор, некако го преболував долгото другарување.

Повеќе од јасно беше – дрвото не поседува душа или што и да е преку што би се споредувало со мислечките суштества налик човекот и на тој начин беше тешко да се заклучи дека е воопшто „живо“.

Потоа од рационални причини го искористив за огрев, а со правта и пепелта од дрвото го полеав местото каде за прв и последен пат го видов.

Врапчињата се беа доселиле на братското дрво до него.

## ● Вечниот претпоследен чин

На почетокот беше Вистината. И од неа се оддели првата вистинита лага.

Потоа се нарои мојава приказна, како татко на човештвото, чии солзи уште оттогаш не беа замреле.

Првиот ден ја создадов тишината. Космичката.

Вториот ден ги создадов затишјата на хоризонтот. Онаму каде запираа телескопите денес.

Третиот ден ја создадов тишината во околувратникот на Ѕвездата чија животворност Ти го убива погледот.

Четвртиот ден ја создадов земската тишина.

Петтиот ден ја создадов тишината во одраз на огледалото кое те гледа откако се будиш и секогаш кога по автоматизам чувствуваш потреба да се увериш во телесното Ти присуство.

Шестиот ден ја создадов тишината одвнатре. Онаа од која произлегува и твоево читање, колку и да е тоа погрешно. Неизбежната.

Седмиот ден го создадов себеспознанието.

Потем, беше уништено.

Не знам како, ниту зошто, ниту од кого; илузорно е да се прашаш.

На крајот Те создадов, онаков грешен како што ги осогледуваше зборовите што го означуваа твоето битие. Онаков, каков отсекогаш копнееше по себереализација и сфаќање на сопствените слободи.

Онаков, каков што ограничено сакаше да назреш во перенијалните тајни на безграничјето кое само се прогласуваше за твој создател и утврдувач... со сè уште присутен одек во последните мигови на овој Седми ден.

**● Роденден, бурек; роденден, бакнеж**

За роденденот ја честев бурек. И тоа со спанаќ. И тоа не било каков.

Бурекот со спанаќ откај „Ѓоре“ е она што му дава смисла на животот во руиниве.

(Градот е во распад, општеството во претпоследна фаза од природното разлагање. А потоа доаѓа можноста за враќање во некаков живот. Само некаков. Само можноста.)

*Што да се прави?* – би прашал Чернишевски.

Дознав дека се вика Марта.

И дека е љубителка на здрава храна, пилатес и модерен балет.

И дека е на диета, односно во процес на слабеење (имала за цел да развие стомачни).

И дека бурекџилниците и биле надвор од мода.

И дека... сè нешто не чинело и дека општеството било, впрочем, во последната фаза од своето природно разлагање, дури филозофите налик Марко Стефановски се обидувале со своите „научни методи“ да „докажат“ дека „збирот од два и два не води кон откривање топла вода“.

И дека за времетраењето на еден бакнеж, во просек се согорува меѓу 3 и 5 калории.

И дека е најдобро дополнително да и го поттикнам процесот на слабеење.

И дека повторно ќе ја видам.

И дека, всушност, родендените и не се токму најинтересните датуми во животот.

И дека во иднина ќе посветам повеќе внимание на имендените.

**● Мостот**

Се наведнав да фрлам внимателен поглед на еден долгнавест објект одвеан со текот на реката, закачен на една дебела, ниско наддадена гранка од недалечната врба.

Го почувствувал лизгањето на металниот објект сместен во горниот џеб на тенката кошула.

Како ли можев на тоа да заборавам?

Ми испадна часовникот изработен од 18 каратно швајцарско злато. Чинеше цело богатство, а да не споменувам дека ништо слично не можеше да се најде на пазарот.

А тоа ниту оддалеку не беше неговата вистинска вредност.

Проклетиот часовник беше последниот спомен од мојот рано починат татко.

Почина додека мајка ми сè уште ме немаше изнесено од својата утроба, додека мисловната именка на грижата полека ја разоблачуваше самотијата над нашето семејство, преоѓајќи во конкретна.

Размислував дали да го следам патот на својот часовник кој не чувствуваше болка од падот.

Впрочем, можев и да го побарам.

Го маркирав во својата фотографска меморија местото кајшто потона со својата тежина низ заматената вода, со надеж дека ќе успеам да го извлечам при првите неколку обиди.

Симнувајќи се од едната страна на мостот, вниманието мигум ми се фокусираше на пловечкиот предмет одговорен за загубата на часовникот кој ми заличи на нешто што не се осмелував да изговорам.

Сепак, веќе упатен кон местото каде се чу допирот со водата, враќањето кон објектот од незнајни причини си го „резервирав“ откако ќе си ја вратам загубената оставштина.

Буричкав низ водата, допирајќи го тревкастото дно.

Водата ми беше токму до средината на градниот кош, веројатно преполовувајќи ми го срцето.

Дното прилегаше како за бара.

Стапалата ми пропаѓаа во блатото.

Внимателно чекорев, со цел да го нагазам тврдиот предмет.

Освен неколку камења, по неколкуминутно пребарување не наидов на златниот часовник.

Не беше чудно: дното беше испреплетено неизброиви и густи треви, додека водниот матеж не дозволуваше ниту отворање на очите додека си заронет.

Го задржував здивот колку можев подолго. Ме трогна помислата на загубата.

Најпосле, го најдов.

Беше во форма на огледало кое даваше одраз на светот по неколку децении.

Изгледав баш како оној кому припаѓаше.

Можев да се препознаам – тоа бев Јас, таткото на себеси.

**● Авантура**

Патував цели 18 дена. Кога, најпосле моторот на едвај двегодишниот „Ровер“ даде знак дека е пред колапс, имав среќа што Евроазија веќе ја бев оставил зад петиците.

Ова беше единствената и неповторлива Индија, вистинска лулка на цивилизацијата, на што ме учеше и археологијата со која непрофесионално се занимавав. Малку недостигаше до Калкута, која неколкупати претходно ја бев посетил во слични наврати.

Иако овде кајшто бев моментно застанат не познавав археолошки наоѓалишта, сакал-нејќел се помирив со фактот дека ќе мора да останам најмалку ден-два дури да се договорам околу превозот и луѓето со кои требаше да отседнам таму кајшто иницијално планирав.

Во една света населба во која со години не бил евидентирал ниту најмал криминал или престап (а полицајците наместо пиштоли носеле стапови и биле облечени во осветени крпчиња кои по правило треба да наликуваат на облека), недалеку од величенствениот Таџ Махал. Се велеше дека токму таму Кришна се реинкарнирал пред околу 5 000 години.

(Откако стигнав се уверив во тоа.)

За тоа време ја разгледав блиската тропска шума и нејзината вонредно богата фауна.

Делумно би го опфатил својот тогашен впечаток ако едноставно изречам дека глетките што ми останаа во денешно сеќавање сè уште ме хипнотизираат. Најчесто пред спиење кога неретко ми прелетуваа имагинарни слики видени во некогашноста со очите ширум затворени.

И онака хипнозата тогаш ми е најпотребна.

**● Три точки...**

Еднаш ме прашаа „зошто на крајот од повеќе свои раскази задолжително ставам три точки“.

Друг пат ме запрашаа „зошто многу раскази ми завршуваат со извичници, кога можело да употребам исказни реченици“.

Третиот пат ме прашаа „зошто расказите често ми завршуваат со прашалник, и на тој начин со нова неизвесност кога читателот очекува разрешување на старата“.

Одговорот кој го дадов гласеше: „...?!“

(Се надевам сѐ уште се прашаат зошто и покрај наводниците прашањата им завршуваат со точка...)

**● Коан на јинот**

Ја запрашаа еднаш тишината кој предел од човековото тело најмногу посакува да го насели.

Ја запрашаа уште еднаш како да се остане рамнодушен кон бескрајот на човековата лудост и незнаење.

Ја запрашаа и трет пат како, едноставно, е да се биде човечка тишина.

**● Коан на јангот**

Еднаш  се чу шепотот на врбовите лисје, длабоко во гората, на средиштето каде ја пресекуваа трите овдешни реки.

Еднаш се виде допирот на две меѓусебно вољубени пчели на цветот од една пространа вишна среде полето прошарано три нијанси на зеленило.

Еднаш замириса на цутот од липовите дрвја од подножјето, далеку на врвот на ридов од кој раскажувам.  Никој не праша: „зошто?“

**● Приказна за момчето кое научи да свири на пијано, победи на државен натпревар во пливање, се вработи како тренер на ватерполо-репрезентацијата и освои сребрен медал на Олимписките игри, се пензионираше предвремено заради нов тип рак кој до денес го носи неговото име, донираше третина од своите пари за борба против ишијасот и умре кога никој не знаеше**

Оваа приказна е навистина возбудлива и со нетрпение сакав да ви ја раскажам.

Но за да биде возбудата уште поголема, овде, впрочем, и би запрел.

Не сум сосем сигурен зошто; можеби затоа што капењето на дождот врз олуците е прегласно и секогаш кога го доживувам за време на глад се нервирам, а кога се нервирам, по правило прекинувам со пишување.

**● Ритмотрес**

*На еден уметник,*
*светски познат уметник*
*во душа и во тело*

Сѐ уште ја чувствувам експресивната немоќ кога само ќе се обидам, произволно, еднаш во неколку години да помислам на дамнешната одисеја во која ниту избрав како, зошто и дали воопшто би учествувал.
Беше тоа една од ноќите во кои, опиен повеќе од зеленилото кое ми го впиваше духот, одошто од духот кој во фаза на слободен пад во безмера впиваше алкохол по неколкуте депресивно минати месеци во тој период од мојот живот, низ мисли ја имажирав, сѐ уште, реалноста, опредметеноста околу себе; толку блиска, ко радост далечна.
Мигновено се почувствував како од никого незаштитено освен од јамата околу себе, напуштено бебе-глушец.
Сѐ уште не знам дали постојат глувчешки видови кај кои таквото однесување е конвенционално.
Мигот на страотно интензивниот, иако отпрвин задоцнет, продир на таа емоција низ душава, всушност, не се поклопуваше со објектната, иако не и објективна причина.
Она што ми го внесе кохезивното доживување на збунетост и омнисциентен спознаен потенцијал се поклопи со неочекувана, а кратка, високофренвентна какофонија при кршење; неколку мига потем се успокоив, наѕирајќи ги во него завршните мелодии на еден реквием. Уште подлабоко, до следниот прекин се фокусирав следниот миг и половина. Ме сецна мелосот од увертирата на една опера.
Она што падна беше слика од нивниот композитор, врамена во стаклен обрач.
Потем ме сопре уште пократок, тап звук кој одекна со иста сила со онаа на куршумот во себе.
Куршумот кој го пара здивот од ушите на смртникот кој при некоја случајност би се нашол до мене.

Обрачот на моето внимание, стегнат околу траекторијата изградена во незапрашливиот воздух, ме наведе да го познаам. Зарем тоа можеше да е звук различен од истрелот кој го уби оној во чија веќе падната книга, мамејќи ме сетилно и умствено, заврши со застрелување на главниот лик кој исто така беше поет, проколнат како оние кои ги опеал, некогаш?
Тоа беше и звукот на оној кој се самозастрела иако ниеднаш го немаше споменато огненото оружје во неколкуте книги, и онака вистински недовршени.
Најпосле, падна и старата труба закачена на ѕидот спроти еден од влезовите, оној низ кој, веќе следниот миг ја напуштив просторијата, за два мига потоа да ја напуштам и градбата во форма на почетната буква.
Светлиот град зјаеше немоќен пред чудовишно брзиот продир на земјотресот кој ја преполовуваше неговата земја наполу, правејќи крст со незапирливо заитаната вода на единствената река.
Водата се излеа исто така.
Звуците, сликите и мирисите не беа различни од мултимедијалното дело на еден уметник неколку векови претходно.

**● Обиди и грешки (одраз во две паралелни огледала)**

*На дедо ми Миодраг Б. Шијаковиќ*
*кого еднаш и го видов*
*во постела – таа тетратка која судбина врежала*
*со мастилото на животната тага*
*Која нѐ обдарила нас, луѓето на книгата*

Работев сѐ. Сѐ уште работам се.
А, луѓе имало и ќе има. Секакви.
Моментов сум сликар и се обидувам да ги насликам ликовите на себе си од минатото.
На старецот кој самошто се загуби во хоризонтот, чиј лик, заради загубеното сеќавање го прекрив со сенка. Да не се познае колку сум згрешил.
Претходно го цртав соседот додека безволно паѓа низ металната врата, по претходното строглаво сопнување од прагот на кој малото синче имаше фрлено изгниена лушпа од банана.
И неа, и него се обидував правилно да ги доловам со перото со ое моментов ги цртав гримасите на некое непознато лице загледано во валкано огледало.
Или можеби огледалото на кое мислев беше само исчкртано; и самиот се обидував да ја дешифрирам пораката.
А зад огледалото, или можеби, пред него; во секој случај – наспроти збрчканото лице на непознатиот се наѕираше рака со разиграно перо. Ми се чини дека црташе.
Изгледа црташе некаков одраз од едно исто синевило. Станувaше збор за апстрактен пејсаж.
Како да беа 2 неба. Не...
Можеби небо и вода.
Веројатно доколку станувaше збор за вода – беше река во забрзано течение.
Или така се чинеше...
Привршував со сликата, но не сакав да ја завршам, не денес. Сѐ уште не.

Го оставив платното на вообичаеното место предвидено за сушење, земајќи ново, подготвено за продолжение на она што не успеав да го соопштам на претходното.
Се пејзажирав себеси додека се наоѓав во сопствената електроинженерска работилница и му објаснував на внук ми за апсурдната смисла на човековиот живот, обидувајќи се да му одговорам на неговото претходно поставено прашање: „која е смислата на постоењето?“
Се сеќавам, му реков дека е во изборот поставен пред секого од нас, за сопствената варијанта на она што вообичаено го нарекуваме „судбина“, посочувајќи му дека 3 можности ќе му бидат секогаш при рака.
„Првата“ реков „е како светилкава. Таа свети најсилно во мраков, и е зависна од жицата и акумулаторот на кој е приклучена.“
„А втората и третата?“ – брзаше да му одговорам.
„Обете прават таа да функционира, отворајќи ја пред нас можноста да зборуваме за неа. Втората можност е како жицата – таа едноставно ги спроведува сигналите од акумулаторот кои од неа создаваат светлечки гас без кој ни обајцава не би можеле да се гледаме додека разговараме. Третата е, претпоставувам, како акумулаторот кој им дава енергија врз сопствената работа на останативе 2 елементи.“
„Но дедо, ниту тој не создава енергија врз сопствената работа, туку едноставно ја менува веќе постоечката.“
„Во право си, чедо. Но, разликата меѓу акумулаторот и останативе два дела, како што знаеш, е токму во нивната зависност од неговото работење. Затоа, во животот најпрвин треба да се токмиш да бидеш што помалку зависен од другите. Обиди се преку сопствената работа да создаваш дела кои ќе бидат основа за другите.“
И оваа слика ја оставив недовршена.
Преминав кон сликање на себе си во улога на некои од своите минати професии: уредник на весник, универзитетски професор, морнар, драматург, поет, музичар, бизнисмен, копач во рудник, авијатичар, кошаркар, пливач, земјоделец... приврушувајќи ја последната слика со задниот дел од својата глава во прв план.
Овој последен кадар ја пресекуваше состојбата во која, по своја моментна замисла се наоѓав додека сликав.
Се обидов во втор план да ги кадрирам претходно завршените слики.
Беа една до друга наредени на ѕидот, под прозорецот, некаде над центарот на сликата.
Не можев да се изначудам на едно: како платното успеа така ненаметливо да ги промени улогите на сликите и прозорецот?
А, гледајќи ги, токму бескрајно сложениот пејсаж меѓу прозорските рамки изгледаше совршено завршен и недопирлив во своето време.
Во својот мозаик во кој и најсложените сложувалки тешко дека би ги споредил.

**● Erga Omnes**

Не би можел да ви понудам поедноставно решение за сите проблеми од веќе понудената стоичарска препорака: соживејте се со нив и доживувајте ги како нормален аспект на секојдневниот живот. Во најмала рака, обидете се да се

привикнете на некоја нова „техника за соживување“. Променете се. Имате време за тоа.

(И без тоа најбезболно ви е да го сфатите самиот живот како безнадежно губење време, а времето како добивање живот. За потоа повторно да ве изгуби тој вас. Само надежта може да ви го замати рациото со неговата „некаквост“; на вам преоставам да оцените „каквост“.)

Најпосле, зошто сум должен јас да ви го покажувам Долгиот, Вечниот и Вистински, Еден и Единствен Пат На просветлението (некои тоа го пишуваат како „ПРОСВЕТЛЕНИЕ“, претпоставувам, заборавајќи на својот исто така Единствен Caps Lock)?

Најпосле, тоа е Патот кој може да го достигнете во секоја замислива ситуација: од медитирање, преку играње шах, до извршување разно-разни физиолошки потреби во ближниот ви тоалет. Што е тоа битно?

Најпосле, тоа може да го постигнете читајќи текст кој по својата (не/мета)наративна природа едвај граничи со расказ, но може да ве постигне и тоа вас додека мирно лежите и гледате вестерн филм, додека сурфате на интернет, додека во нервоза фрлате со ваза кон неспособник од кој сте очекувале да ви купи билет за кино, а тој парите ги истрошил во грицкање семки и пиење коњаци во кафетеријата спроти патот...

Во секој случај, за променливоста, особено онаа позитивната, знајте: нема да ве удри од ведро небо, ниту да ве зароси ко летна роса зимска орхидеја. А можеби и би; можеби ни самиот не сум се променил дотолку за да правилно проценам. Не би ја исклучил и можноста на некој, смртничко-приземјувачки, иманентен за профаниот човек, супер-еговски начин, да сум се потценил во својот последен став.

Исти се правилата за мене и за вас, за жал.

Така што, вашите просветлувачки капацитети ќе ја засиват (да, точен е терминот) мојата навлезеност во темава, ако ви ја оддадам тајната... А можеби и уште е рано да се збори за тоа.

Тогаш да молчиме.

И официјално прогласувам молк за мудроста на тишината!

(Легнувам.)

## ● Во Рајот сите се Американци

Зедов една книга од книжарницата отспротива прозорецот над кој апатично бдеев, не се сеќавам на насловот.
Автор беше Д. Х. Лоренс, писателот на срцепарателни порнографски романи и „еден од најголемите романописци, не само во англиската, туку и во целокупната светска книжевност“, како што пишуваше во рецензијата од последната страница.
Ах, се сетив и на насловот – „Првата леди Четерли“.

(Уф, каков роман!)
На корицата имаше разголени девојки налегнати среде мешавина од бои кои требаше да оддадат впечаток дека се работи за есен.
Тогаш се сетив дека некогаш веќе го имав читнато и го ставив евтиното издание во кутијата со потпалки недалеку од огревната печка.
И, ни два ни три, следниот миг го чув ѕвончето и отворив.
Беше тоа Петре, друшка од соседното маало.
Работеше 20 години во Сицилија, не рече што.
А да, во последно време секојдневно го гледав: носеше црн костум, шапка и темни очила, а се дружеше со некои дечки кои носеа исти такви костуми, шапки и очила. Посетуваа казина и ноќни барови.
Ѕирнав низ окуларот и едвај го познав.
Но... чекајте, реков „отворив“? Тукуштo дознав дека не, откако ги навратив очите во претходно напишаното, исклучувајќи ја збунувачката музика од радиото отаде масата врз која моментов пишувам.
Всушност, и да сум мислел на некакво отворање сигурно тоа било алузија кон седмото пивско шише тој ден, оригинално баварско.
Типот кој ѕвонеше го игнорирав, едноставно, заради презафатеноста со отворање на шишето со вонредно сложена за отворање метална капачка. А и заради друго, што тој не би сфатил.
На ТВ првин го вклучив собранискиот канал.
Се пренесуваше жива расправа во парламентот.
Овој зеде да тропа на вратата.
Го сменив каналот.
Следната програма емитуваше некој мрсен филм со истополови жени (плеоназмов е наменет за оние кои прават разлика меѓу жените и истополовоста).
„Можеби друг пат“ – си реков.
Каналот кој потоа го свртев беше музички и налетав на „Уште еден ден во Рајот“ од Фил Колинс. Неколку илјади пати преслушан материјал.
На следниот канал емитуваа вести.
Прикажаа апел за донирање на ментално хендикепирани деца и млади кој ме трогна.
Набрзина остварив 5-6 повика; мобилниот беше на Петре.
Впрочем, му го вратив откако конечно отворив.
Во секој случај, ретардантот не успеа да си отвори самиот, не приметувајќи дека вратата не беше заклучена (иако за оние кои имаа повеќе во нозете одошто требаше, веројатно тешко се отвораше).
Како и да е, ова е досадно и ќе преминам на главното (кое всушност се обидов уште претходно, но ми одлета мислата откако се смени песната на плеерот, па побрзав да го вратам нејзиниот хармониски одек во своето срце).
Бевме петмина.
Јас, Петре и уште тројца од неговите Коза Ностра мафијози.
Минувавме низ густа шума.
Атмосферата потсеќаше на бојно поле. Штознам.
На небото хеликоптери. Наши vs нивни.
Пет калашникови, по еден за секој, три пиштоли, нагазни мини, бомби, топови... носеа и базуки, рачни фрлачи, ракети земја – воздух, хемиско, биолошко и психолошко оружје.
Или не...
Можеби, сепак, го смешав овој сон со следниот.

А можеби и не, но...
Ах, тој Д. Х. Лоренс и неговата влијателност во писателските кругови, пуста била!
Веднаш потоа, колку што се сеќавам, му се вратив на телевизорот. На една кабелска програма се занесов следејќи тнр. *егзорцизам во модерен стил* на Пентекосталната Црква некаде во централен Тексас.
„Оваа земја отсекогаш беше и ќе остане предадена на Господ Исус Христос!" – рече пасторот.
„Бог да ги благослови САД. Амин!"
Во меѓувреме изврте неколку канали и пива, враќајќи се на проповедта на Пентекосталната Црква.
(Некои од лименките сами се превртеа, се колнам дека не ги допрев!!!)
Кога се вратив на каналов, се сеќавам, еден стар пијандура му се исповедаше на попот за гревовите од младоста. Типичен пијаница.
Претпоставувам, се работеше за еден од оној калибар кој од 5-6 шишиња слабо пиво добиваа ултра јаки вртоглавици и запек. Тие се најопасните!
Шпекуланти, сигурен сум.
И за што требаше Исус да му прости?
Рече дека не верува во еволуцијата, иако бил мајмун во младоста.
И сега му текнало да стане човек!?
Но... ах, тој јужњачки акцент...!
Ми се редеа шпагети-вестерн сцени со Клинт Иствуд, Џон Вејн, Чарлтон Хестон, Гари Купер и Џорџ Буш (x2) (дури и некоја грубо замаглена верзија на Рон Пол) во комбинирани сцени и неодредени простори, веќе видени, никогаш невидени...
Неодредливо беше и влијанието на пивото врз таа неодреденост.

***

Следно на што се сеќавам беше чувството на вкочанет врат, отрпнати до бескрвност раце до рамената и „полу"-„студенилото" т.е. нестабилната температура на површината од лицето, како и фактот дека позата во која се наоѓав при будењето беше позапаметлива од вестерните на Иствуд, Вејн, Хестон и Купер.
Самиот си приликував на своевиден „висечки Исус": двете споени нозе ми беа потпрени врз (ах?!) веќе искршената антена на малиот телевизор кој пак беше поставен врз посебна сталажа од евтино буково дрво, додека рацете ми беа истегнати некаде надвор од физичките граници на камено тврдиот кревет.
Веќе по второто разгледување околу себе ми стана јасно дека она што сум го сметал за кревет, всушност било ниското масиче со повеќенаменска функција.
Сега здоби уште една.
По ѓаволите (Исусе)!
Мирисаше на уште едно доцноесенско проклетство.
Ја претчувствував бесмисленоста на денот кој што требаше да се доживее.
Претчувството беше точно.
Затоа би преминал на раскажување на денот потоа.

***

Ни следниот ден не беше посебен и поарен.
Единствено се сеќавам на тоа дека го заборавив.

***

Не се сеќавам ниту на следните неколку дена потоа.
Можеби затоа што сега часот е 04:04, или затоа што ова ми е 4-то во период од 24 минути… доста појако е од баварското и ти ги помешува сеќавањата.
Така, за малку ќе почнев да ви зборувам за настани кои ми се случија година потоа, поточно денот кога умрев.
Денот кога… ах… (пла…плаа…плачаааам….)
Денот кога… ме прегази… тракторската приколка на соседот со презиме Лоренс, братучед на Ташана, јатрва со комшивката на заменик-градоначалникот (само во градов постоеше таа титула).
Приколката јуреше без да биде влечена со над 300 km/h, што претставуваше технолошко чудо на деценијата.
А можеби од штабот на ЦИА се издаваа наредби преку далечинско управување со цел да ми извршат атентат!
Можеби вистината не беше далеку од некој идеален спој на двете сценарија заедно.
Како и да е, овде не те интересираат такви земни и приземни работи.
Ниту Фил Колинс или Д. Х. Лоренс може да ти досаѓаат ако не ти е волја.
Единствено е битно да се осеќаш како цар и да го живееш она што долу некои будалишта го нарекуваат The American Dream.

**● Јас, ти и нашата реалност**

„Сѐ се одвива на сите можни начини со сѐ. Можното и замисливото се исто, но и различно.
Секое нешто е дел и целина.
Бесконечно мало и големо е.
Исто со секое друго нешто, а различно.
Безвремено, а временски определиво.
Предвидливо и непредвидливо, на совршено егзактен, веројатносен и непостоечки начин.
Со и без сетила.
Поседува и не поседува секаков вид свест; сонува и в будност, дефетист и неизлечлив оптимист е.
Со и без волја е, конечна, бесконечна, бескрајно мала.
Истовремено толкува и доживува објективна и субјективна реалност, којашто ја создава и уништува, експлоатира, за која не знае.
Но и неистовремено.
Има контрасти со еднакви и различни величини.
Може и не може да се именува; за него секое писание ја открива врвната, истовремено, најпрофана, мудрост, колку и глупоста, каква таа и да е.
Микрокосмичките и макрокосмичките врски на оној кој расправа за тоа нешто исто така го ограничуваат и го усовршуваат овој втор субјект и објект.
Ти си човечкото суштество кое го чита ова.
Ти си самиот Космос, твоите очи се планети, твоето лице – небесно соѕвездие.
Сѐ постои и не постои во можностите и неможностите на постоење на безброј и непостоечки број начини. (Нулата и непостоечкиот број се исти и различни на сите можни и замисливи начини.)

Постоењето и непостоењето имаат и немаат смисла, објективна, субјективна, мноштвена, секаква, единствена...; имаат и немаат апсурдност.“

Ова е точна и неточна претстава на реалноста. Совршено и несовршено точна и неточна, докажлива и недокажлива.
Моја, твоја, нам туѓа, на еден, на безброј.
И да се согласиш и да ги негираш, и да се обидеш да ги критикуваш со вонредна прецизност нејзините ставови, ќе направиш нешто што е релевантно и ирелевантно. За мене, за тебе.

**● Боите на твојот свет**

Легнат сум.
А светот е црн, бел, жолт и зелен.
Шарен, веројатно.
Не знам, всушност.
Но ќе бидам доволно храбар да постулирам дека ги има сите бои кои ги гледам на тебе.
Бројот на твоите бои, ќе повторам, ист е со бројот на неговите.
(Ова, заради причини кои ми изгледаат непознато, ме потсети на познатата „патот нагоре е ист со патот надолу“.)
Но ми се чини дека токму ти ја претставуваш силата која постојано ги поместува границите на она што подразбира разнобојноста.
Зошто сѐ повеќе нешта ми се причинуваат?
Зарем реалноста е толку далечна од прегратките?
Ах, сфаќам...
Во својата прегратка чувствувам речиси нереална мекост. Прегратката ми се прилагодува на некаква елиптична форма, притегнувајќи ја кон градите кои едвајно ги чувствувам.
Чувствувам дека, будејќи се, зграпчената перница повторно ми бега од објектната реалност, која не е иста со објективната. Ако не се лажам, повторно.
Всушност, сонив дека се будам.
Перницата на дланки е уште една моја илузија за твојата глава, Џуанг Це.

**● Три мига**

**Миг 1**

Ја отвораш вратата. Зима. Минус еден степен Целзиусов.
Вдишуваш со полни гради.
Погледнуваш кон речиси неприродно црвеножолтата линија која на чуден начин ги пара и онака неиздиференцираните сиви облаци од крајниот десен агол на видикот.
Ефемерно се присетуваш на шегата што вчеравечер и ја кажа на девојката за која веќе знаеш повеќе одошто требало.
Ја затвораш.
Слободно издишуваш.
Мигот потоа се присетуваш на птицата што прелета над тебе.

**Миг 2**

Во лифтот не работат две сијалици. Помислуваш на ризиците ако се обидеш да придонесеш за „општото добро“ на станарите од својата зграда кога би ги сменил.
Претседателот на куќниот совет е идиот.
Ги бришеш чевлите и мигот пред да влезеш го чувствуваш „она“ чувство.
Чудна мешавина на анксиозен наплив и еротска фантазмагорија ти се прелива околу горниот дел од грбот и вратот, чувствувајќи пријатен струеж.
Те наежува температурната разлика.
Си помислуваш на трудот по естетика на кој работиш нецела недела.
Се навраќаш на чувството од пред миг и половина.
Еурека!
Интеракционизмот со тоа чувство е иднина на естетичката пракса.
По секоја цена сакаш да научиш да го контролираш.
Седнуваш во медитативна, лотус-позиција.
Земаш и испушташ неколку „супер-здива“.
Бесполезно е.
Од возбуда, дури мижиш, ти се привидуваат бои.
Обземен од поспаност, ги кратиш здивовите во заборав на времето кога ја отпушти преградката на ултрамеката свилена перница.

**Миг 3**

Се будиш со сила на еден Терминатор, скокаш во наполнетата када со едната нога нагоре како Брус Ли, ја навлекуваш потполно новата облека како Супермен и рипаш во лифтот како Спајди.
Брус Вејн, непреоблечен во Бетмен е спроти тебе и втренчено те гледа.
„Мило ми е што те гледам, комши“ – му се обраќаш во исчекување на мигот кога носот ќе ти израсне толку долг што ќе му го прободе десното стакло од неговите црни очила, кои те потсеќаат на Нео.
Се симнувате од лифот и фаќате по својот пат.
Пристигаш на факултет за време за кое и Чак Норис би ти завидел.
Влегуваш во такси во кое таксист е Обеликс во верзија на окапаник без скршена пара.
Му велиш каде сакаш да стигнеш и однапред ги подаваш банкнотите со чувство на Робин Худ.
Од оваа нова перспектива, таксистот сепак повеќе заличува на Малиот Џон одошто Обеликс, иако не е мал. Сепак, Мал Џон во верзија на окапаник без скршена пара.
За време на возењето гледаш полупознати лица на хобити, гоблини, волшебници, господари на Мракот, господари на Светлината и Око што гледа сѐ.
Насекаде илуминати, католички конспиратори за контрола над светот, ционисти, корпоратократи, зелени.
Го чувствуваш присуството на непријателите на Ближниот твој.
Христос и дванаесетте апостоли од својата десна страна и не ги приметуваш затоа што инстинктивно отпочнуваш да се брзаш како белиот зајак од „Алиса во Земјата на чудата“ на чие име не можеш да се сетиш; попусто: сообраќајот е густ како во Земјата на чудата.

Случајно те пресретнува погледот на Кралицата на картите кој инстантно го одбиваш, како огледалото на Кралицата која по секоја сака физички да се отараси од Снежана, не знаејќи дека откако ќе ја снема нејзе, ќе се појави нова.
Неверојатната испомешаност те тера да помислиш дека сонуваш како Алиса, иако никогаш не си се двоумел во машкоста на својот пол.

***

Влегуваш во зградата на својот факултет, со мешање на две спротивни чувства; отпрвин го гледаш светот на џуџињата околу себе како Гуливер, за потоа да станеш најмал, како Алиса.
Набргу проценуваш дека бројот на џуџиња пред тебе е повеќе од седум, можеби седум на квадрат.
Ги бараш своите 10 денари, предвидени за утринско кафе од апаратот спроти себе, и откако не ги наоѓаш истиот момент, Поароовски посегаш кон детален претрес на палтото.
Откако ги пронаоѓаш во едно незабележително џепче во кое немаш претстава кога, како и зошто дошле, во одразот од туку што спременото кафе го гледаш ликот на мистер Бин, со мустаќи кои заликуваат со оние на Чаплин.
Седнуваш во предавалната со однапред стокмено чувство на професорот Балтазар.
Пријателите те тапшаат по рамо, небаре веќе си им ги решил сите проблеми.
По предавањата, за чие времетраење си се чувствувал како Робинзон Крусо, одлучуваш да ја прифатиш поканата за партија пиво со група другарки и другари.
Го испиваш пивото со брзина на Пегаз и одигруваш една игра како Џон Траволта со другарката која според планот еден ден ќе ја земеш за жена. Твојата Пенелопа.
Во меѓувреме, шестото сетило те предупредува од опасноста на неколку натрапници меѓу тебе и Пенелопа кои на херојски начин (комбинирајќи ги Херакле, Одисеј, Траволта и Жан Клод) ги спречуваш во својот ништожнички план, бришејќи го подот со нив, како Стивен Сигал. Ладнокрвно ги препушташ на својот пријател на неколку метри од шанкот – доктор Зло.

***

Се враќаш, како Леси.
Седнуваш пред бирото, земаш пенкало и ненадејно здогледуваш чудовиште-ветерница исцртано од букви, заради што го кинеш листот и, со цел да погодиш тројка во обрачот на металната корпа за ѓубре, промашуваш како некогаш Шекил.
Сакајќи да продолжиш со пишување, погледнуваш во часовникот, соочувајќи се со полноќта: времетраењето на магијата е поминато.
Ги затвораш очите, сеќавајќи ги нежните галења на Пепелашка по трепките…
Само сон е – ти шепотат ноќните демони кои ти го опколиле креветот, како никому друг. Тоа се твоите единствени, ги препознаваш откако во одразот на светлечките црвени очи успеа да ја препознаеш силуетата на оној кој долги часови пред и по тоа луташе во немир.

## ● Мегалополис од безброј сни

*Инспирирано од ареални настани*

### 1

„На некое место во Кина мравките изградиле подземен „мегалополис“ и одеднаш им се случило истребување. Ниту еден од научниците кои се нафатиле со истражување на ваквиот феномен со сигурност не дознал од што или како.“ – ти вели пријателот, прекинувајќи ти го уживањето во залакот печен компир.

„И?“ – го прашуваш.

„Што „и“?“ – возвраќа со прашање како да не го регистрирал твоето.

„Кого тоа засега во моментов? Зошто би ми го зборел тоа додека се обидувам да ја задоволам гладта после целодневно убивање од работа?“.

„Извини, не требаше“.

Ги забришуваш усните со салфетата во намера да ја довршиш дискусијата.

„Ти извини. Знам дека посака да ми укажеш на тоа за што веќе дискутиравме. Но, ти велам, пријателе мој драг, јабана е работава со светот. Моќта наспроти правдата е војна која одамна заврши, а за реванш се потребни волја и самосвест од непостоечко ниво. Човештвото се однесува со не помала ароганција од онаа која веќе ти ја покажав и за која, еве, повторно ќе ти се извинам“.

Забележуваш, пријателот се загледал низ решетките на прозорецот отспроти тебе, вртејќи ти го грбот. Однадвор делува незаинтересирано.

„Луѓето не ги засегаат проблеми поинакви од своите. Тоа ми е сосем јасно. Но, исто така е јасна потребата да учиме од оние кои веќе настрадале како мравките за кои ти зборував. Дури и доколку не успее да се обедини во вистинска смисла, нашава цивилизација не би смеела да дозволи да потклекне под товарот на својата суета и внатрешна борба за доминација меѓу разните класи, нации, видови луѓе.“

Завршуваш со својот прв оброк за тој ден.

Пред станување, наеднаш забележуваш: една мравка одвлечува со себе три пати поголема лебна трошка, некоја од оние кои ти испопаѓале за време на јадењето.

Ја фрлаш со сè товар низ прозорецот во обид да и ги олесниш маките.

(Што би можело да и се случи на мравка при пад од таа висина?)

За миг те обзема прашањето дали навистина си и помогнал?

Излегуваш, заради трети цели.

Градот мириса на пот.

## 2

Иако времето кое си го минал овде како студент ни оддалеку не е доволно за да судиш за сите нешта кои на овој или оној начин се издвојуваат од нештата по кои се издвојуваат другите градови, се чувствуваш доволно самоуверен и смел во себе да нафрлаш некои критики за градов, неговото уредување и капацитети, објектите, планот, луѓето како тебе, „дојденци“, и оние родени овде.

Наоблаченото време, спремајќи те за брзо одење, ти ја одзема енергијата за размислување (или барем тоа е твоја опсесивна желба која најпосле отпочнува да доминира).

Ниту новопоставените градски споменици го поседуваат потенцијалот да те одведат подалеку од сегашноста и овдешноста.

Дождот штотуку го задуши мирисот на липите.

Во својата меморија мигум си ја врежуваш задачата да свариш липов чај по своето враќање.

Спроти споменикот на една шмизла, вниманието накусо ти го привлекува шмизла од крв и месо.

Спроти споменикот на еден просјак, вниманието на уште покус период ти го одвлекува просјак од крв, коски и кожа.

## 3

Персирајќи, отпоздравувате една ценета екс-професорка.

Ниту тепачката меѓу неколкумина малолетни Албанци отаде мостот не ја регистрирате.

Пешачите по тротоарот, минувате низ развлажнетата калдрма на старата чаршија. Влегувате во блиската месарница. Излегувате низ задниот влез. Го носите месото дома, набрзина нешто зготвувате, се туширате, вечерате, спиете.

Се будите, иако не сте сигурни во тоа.

Потем, при излезот од својот стан ја здогледувате комшивката со свртен грб додека разговара по мобилниот.

Но, наеднаш се менува сиот свет, и тоа, како што сметате, по целосно ваша волја.

Го напуштате со еден дел од себеси своето вообичаено тело и лебдите некаде во просторот меѓу себеси и вашата комшивка.

Но, ни тоа не ви е доволно.

Миг потоа сте вселен во нејзината глава.

Ја знаете секоја нејзина размисла, чувство и физичка активност. Гледате со очите на жената која ни оддалеку не ве забележала во своето слабо, ситникаво тело.

Истовремено, не заборавате на своите рутински движења.

Заедно се спуштате со лифтот и ја напуштате зградата.

Го напуштате и нејзиното тело.

Петнаесетминутно пешачење низ паркот со споменик на маж со покриен полов орган, минато во стрмоглаво спротивставени мисли кои напати ве довеле на прагот од лудилото, но на кои од неодамна сте свикнале. Или сте решиле да го направите тоа, речиси сеедно.

По примерот на комшивката, ги отклучувате портите од телата на многубројни организми околу вас: врапчиња, еден стар мачор, средношколец на ролшуи, велосипедист, неколку минувачи. На крајот, го доживувате патувањето од едниот до другиот раб од даската врз клупата на која што неприметно сте седнале.

Станувате и повторно пешачите до локација по случаен избор.

Попат размислувате за тоа дека еден ден технологијата ќе ги овозможи ваквите доживувања за секого; вашите патувања и преобразби, во тој случај, ги толкувате како не повеќе сложен случај од комуникацијата меѓу два мобилни телефони или интернет конекција.

Иако е тоа неможно, знаете сè за секого.

Биографијата, семејството, дури и неговиот генотип.

Дефинитивно ги напуштате сите тела и одлучувате да размислувате на човечки вообичаениот начин. Се поздравувате со колега од едниот од своите факултети со кој одамна не сте се виделе.

Потем, продолжувате накај еден од најпрометните градски булевари, каде впрочем и се сеќавате дека сте се упатиле. Овој дел од градот по некоја анти-логика Ве асоцира на една од западноевропските престолнини во која престојувавте пред неполн месец.

Додека го чекате зеленото светло на семафорот инстинктивно се загледувате во старица со бастун која се обидува да ја премине улицата која се вкрстува со онаа по која сте се упатиле, преку зебра. Се обидувате да го предвидите секој следен чекор, анализирајќи ја сигурноста на старицата во движење. Речиси го погодувате секој детаљ на идното движење.

Зелено светло.

Минувате, сè уште загледувајќи се кон старата, која, чиниш, штотуку не се струполила.

Се присетувате: во близина живее пријателот кон кој сте упатени.

Дури со поглед веќе умеете и да ја доловите куќата.

Приближувајќи се, гледате низ нејзините ѕидови.

Ја реконструирате нејзината внатрешна слика по сеќавање.

Се проектирате во неа, надминувајќи ја секоја физичка пречка, дури чекорите.

Го приметувате пријателот седнат на фотелјата со лаптопот в скут и му се приближувате странично. Потем, го обиколувате отспреди и одназад, обидувајќи се да го утврдите неговиот физички став и расположение.

Игра некоја Вам добро позната MMORPG игра, не очекувајќи го вашето скорешно доаѓање.

Назад во своето физичко тело.

Го подготвувате своето помалку непријатно изненадување.

„КАБУУУУУМ!" – ве вади од такт некаква експлозија од зад грб, проследена од удар по рамото со моментно тешко определива јачина.

Вашата коса ја сметате за споредлива со некоја од старите, истрошени четки за бришење кондури со неодредено раштркани влакна на соседот од најгорниот спрат на вашата зграда, кој се занимава со таа работа.

Неочекувано пред вас изронува пријателот кој штотуку го здогледавте како го троши своето време на игри на својот преносен компјутер. Почнува да се смее како петгодишно детуле кое победило во некоја штотуку научена друштвена игра, можеби карти.

Како е можно да сте згрешиле?!

Наеднаш, просветление: она што сте го здогледале во куќата била токму неговата проекција, имитирајќи ве вас.

Ве погодува сознанието дека не сте единствен со натприродни моќи…

Штотуку сте го откриле волшебниот дел од градот.

„Овој дел од градот е навистина волшебен“ – констатира носот на вашиот пријател.

„Градов е… ~~неопислив~~“ – (не) заклучувате во себе.

**4**

Времето за враќање во провинцијалното гратче на периферијата од државава отчука и јас веќе тргнав.

Ѓукуштo се качив, изненадно ме удри молскавица – сфатив дека, впрочем, возот на кој се наоѓав не оди во саканата насока.

Заборавив да понесам пари.

Го заборавив и ранецот со алишта кој требаше да го пренесам дома.

Всушност, заборавив и дека требаше да го вратам заемот на пријателот кому му ветив дека тоа ќе го сторам денес.

Чевлите ми беа искинати. Заборавив да ги облечам новите.

Не се сеќавав најдобро ни зошто токму денеска требаше да се вратам дома. Која ли обврска ме натера на тоа?

Во купето ме обзедоа различни помисли. Како на пример, дека заборавив дека сум млад.

Се трудев да заборавам на времето.

Заборавав на заборавот…

(Во натамошните размислувања констатирав дека заборавот најверојатно се должеше на опсесијата со ти, односно Вас, наместо со мене.)

**5**

Пристигам.

Седнувам под сенката на расцветаното вишново дрво во градината.

Ме голта помислата дека утре завршувам со оваа работа. Покрај самотијата и нејзиното бескрајно проклетство.

Се обидувам да осмислам нов расказ.

Се обидувам да го предвидам залезот, неговата боја.

Вчера, онаму од кај што гледав, беше крвав. Речиси необјаснив црвен поток разгранет во неопределиво многу насоки.

Не постојат многу причини да мислам дека и денес не би се повторил.

Впрочем, облаците потсетуваат на оние од вчера, нивната големина, форма, ветрот е ист, боите слични.

Спонтано го спуштам погледот.

Долу царува опојниот мирис на искосена трева и цвеќињата препуштени на својата судбина.

Се обидувам да го предвидам растот на тревјето околу расцветанатa вишна.

Се обидувам да ја предвидам работата со која утрешниот ден ќе ме опсипе, налик сенката тие мигови.

Се искачувам на својата мансарда од која може да се фрли поглед на полињата распространети во недоглед.

Сончевината сè уште раскошно ги полева разнобојните површини до недоглед.

Ги гледам со мраз во окото.

Квечерното сонце со последни сили го растопува и разлева во синилото на небото и ирисот, вкрстени.

Мравките од еден мравјалник близу портата брзаат некаде.

„Некој треба да ја затвори“ - си велам.

● **Природен тек**

„Оптимизмот е слеп и бесмислен. Подобро да се соочам со реалноста таква каква што навистина е, одошто да го минам животот во слепило“, му рече ученикот на својот учител.

„Можеби и е. Не знам“, одговори учителот, свртен со лице накај отворената тераса.

„Дојди“, го покани на терасата. Ноќта беше топла, а примракот сè уште дозволуваше погледот да досегне во нејзината длабочина. „Што гледаш?“

„Поле насадено со жито, река, планина, небо, ѕвезди“.

„Што мислат тие за тебе?“

Ученикот зачудено го острелуши погледот во голата глава на учителот која сè уште беше свртена во спротивниот правец.

„Тие да мислат? И самата помисла на тоа е бесмислена“.

По тишина од неколку мигови, учителот повторно постави прашање.

„Ако не умеат да мислат, немаат избор или волја?“

„Немаат“.

“Кое е твоето мислење за нив?“

Ученикот замислено пројде со очите низ полето, реката, планината и небото, за да на крајот се сосредоточи на неколку ѕвезди од хоризонтот.

„Мислам дека и полето и реката и планината и небото со месечината и бескрајот ѕвезди изгледаат посебно вечерва. Но тоа што реката ја задржала својата динамика, месечината – сјајот, планината – живописното зеленило, и полето – својот род, за нас, смртниците, нема да ја измени вистината за нивната, а со тоа и наша непостојаност и осуденост на пропаст. Вчера не беа такви, а и утре нема да бидат“.

На лицето на учителот се отцрта безгласна насмевка.

„И ноќта може да изобилува со убавини, зар не?“

„Секако. Оваа јасно го покажува тоа. Слично како што денот може да изобилува со грди и несакани нешта“.

„Да. Но, што мислиш, зошто се менуваат нештата?“

„Веројатно од причини кои исто така се менуваат. Промената на секое едно е причина за промената на секое друго нешто, а притоа на еден или друг начин влијае на сопствената“.

„Зошто е тоа така, ако е навистина така?“

„Не знам дали сум во право, а не знам ниту што значи тоа. Знам единствено дека мислава произлезе од мојот ум и дека како таква јасно го покажува неговото веќе утврдено постоење.“

„Значи, постоењето е веќе утврдено?“

„Да.“

„Тогаш, што е резултат на избор?“

„Веројатно неговата натамошна форма и суштина“.

„Велиш дека твоето право на избор е надредено во однос на она кај нештата од природата и прав си.“

„Мило ми е што го велиш ова.“

Учителот се сврте накај ученикот со поглед усмерен во челото, лицето уште еднаш му го прошара насмевка.

Ученикот прашално ги дигна веѓите.

„Тоа го сторив по сопствен избор, не? Исто како и насмевкава."

Учителот воздивна.

Симнувајќи се од терасата, обајцата појдоа во краткотрајна прошетка.

„Човековата наука ја покажува бескрајната сложеност во испреплетувањето на суштината и формата, јинот и јангот, остварувањето избор и принудата. Тие се едно и различно во исто време. А сепак, кај некои нешта, понекогаш, едното доминира над другото. Ова се однесува како на оптимизмот, така и на негативното поимање на нештата. Нашиот стар храм постои за да ви го укаже, вам, физички младите и на оние со младост во духот, токму ова."

„Нам и на оние со младост во духот, велите учителу?"

„Тоа реков. Додека физичката младост не е, вторава е подложна на избор. Оптимизмот, сфатен како шанса, наспроти оптимизмот сфатен како мудрост или доблест е она што ние, едноставно, се одлучивме да го подучуваме. Не постои логичко објаснение за таквиот избор, а доколку речеме дека постои, тоа би било така затоа што самите сме го избрале патот кој води до изрекување на тоа. Како што водата во реката, земското возвишување кое ја сочинува планината, житото од полето и ѕвезденото небо го немаат таквиот избор. Тие **се** изборот. Сфаќајќи го оптимизмот како шанса за надминување на сопствената и сеопшта животна бесмисла, тој е сета смисла, самиот живот".

Пред да замине, учителот уште еднаш ја пресече тишината во која осамено размислуваше ученикот.

„Изборот во рацете на младите не е ништо освен простото задоволно живеење во сегашноста. Истовремено, единственото негово ограничување е неизборот, заборавот на овој пат, патот на среќата одѕвонет во ритмот на природната хармонија."

Зборовите на учителот тивко одекнуваа во ушите на ученикот, до зората.

Иако ненаспиен, изобилуваше со некаква, дотогаш непозната, пријатна и мотивирачка енергија.

Тоа утро одлучи за прв пат да се искачи на врвот од планината од зад која сончевата светлост се издигаше, треперејќи над густите дрвја под себе, газејќи по неподвижната водена површина на реката, исцртувајќи го новиот лик на небото.

Тоа беше и првиот пролетен ден.

- **Хунаб Ку**

*Раскажано според сништа кои некогаш биле вистинити*

Тоа беше најголемиот кошмар кој некогаш сум го имал надвор од светот на јавето.

Траеше точно 9 вечери. По ред. Како турска серија сто пати пократка од просекот.

Ликот беше Смртта. Нејзиното најраспространето отелотворение.

Се разбира, изгледот и се вклопуваше во традиционалната, вековно стара претстава: црн дух облечен во црн мантил, без лице, со коса во она што на прв пат делуваше како десна рака.

Морбидноста на појавата соодветствуваше на стравот кој го почувствував првите три вечери.

Тоа беа луцидни сништа: собата беше совршено иста со онаа што ја оставив пред да заминам во земјата на сништата.

Третата вечер намерно го оставив вклучен компјутерот, за да го согледам совршеното поклопување во степенот на реалистичноста од соновното претставување на просторот.

***

Прво се појави сосем неочекувано, чекорејќи со нечовечка бавност во правец паралелен со насоката на моето тело.

Неколкуте први вакви појави беа толку застрашувачки што не можев да издржам повеќе од неколку мигови без да се разбудам.

Во следните соништа нештата почнаа постепено да се менуваат.

Го видов вклучениот компјутер и содржината на неговиот екран, која совршено се поклопуваше со оставената.

Продолжувајќи го одењето, делови од отелотворението на Смртта се одделија, трансформирани во ситни, непознати суштества со боја на Сонцето.

Нивната брзина беше човечка.

Веднаш откако ме допреа, почувствував намалена спретност и брзина на движењата, принудувајќи се да ги оттргнам со сета своја сила, импулсивно и низ речиси неконтролиран бес.

Ударот на секое едно суштество резултираше со негово делење на два дела.

Наскоро целата одаја беше исполнета од безброј такви суштества, просторот обоен со нив, а јас едвај успевав да се помрднам од место.

Со купишта такви „суштества“ прикачени на мене чекорев едвај со брзината на нивниот мистериозен командант без лице.

И се будев токму пред да ме достигне, не дозволувајќи му да го изврши својот проколнат ритуал.

Кога ќе се разбудев, сништтата често продолжуваа онаму кајшто застанале и затоа отпочнав да правам подолги паузи пред секое повторно заспивање.

При крајот од серијата заземав сосема поинаков пристап кон Смртта; се убедував, а најпосле и се убедив дека нејзината појава повеќе не ми се чини застрашувачка.

Игнорирајќи ја, престана да чекори. Престана воопшто да се движи.

Станувајќи сѐ попроѕирна, зад неа можев да го видам жолтиот ѕид, вратата, фотелјата...

Во последните два соништа, мојот однос кон неа се промени уште подрастично.

Чувствувајќи искрено и невообичаено сожалување за нејзините обиди да ме придобие, и нејзе и стана јасно што се случува.

Непосредно пред дефинитивното заминување, телепатски изговори два, за мене непознати зборови:

- Hunab Ku.

Потем, изчезна.

Дишев со стомак и гради истовремено, свесен за брановидното подигање на овие делови од телото.

После неколкуте мигови минати во непоместливо духовно спокојство и доживување на интегрумот на сопственото тело забележав вертикален тунел со боја на Сонцето кој ме повлече нагоре.

Веќе следниот миг знаев дека сонот ми се трансформираше во најневеројатното животно искуство - чисто доживување на Едноста со сите нешта.

Визуелизирањето облаци, пред, зад, над и под себе, впрочем знаев дека е само алатка преку која можев да се инволвирам во физичкото манифестирање на она што навистина го доживував.

Едност. Еден. Етер. Небо. Уран. Нефелаи. Ѕевс. Олимп. Целус. Јупитер. Ан. Ану. Аншар. Баал-Шамин. Енлил. Алалу. Алах. Тавхид. Селест. Јахве. Хадад. Будашетра. Намо Амитаба. Бардо. Антарабава. Џингту. Нирвана. Мокша. Ваикунта. Аканишта. Ганавјиха. Дева Лока. Чистата земја Сухавати. Абирати. Трајастримса. Царство Божје. Царство на небото. Земја на чудата. Летна земја. Емпиреј. Блаженство. Хепит. Тешуб. Канаан. Елисиум. Шангри-ла. Аркадиа. Вечен одмор. Вечна младост. Вечна градина. Света круна на животот. Џаннат. Ал Фирдас. Сади.  Хаолам Хаба. Ган Еден. Вилон. Аработ. Шамаим. Фирмамент. Седум сфери. Ајн Соф. Фрашокерети. Аару. Тенгри. Ашера. Стрибог. Савазиос. Ао. Ранги. Инмар. Торнгарсук. Ангута. Атаксак. Тонатиух. Мецтли. Ометеотл. Вирокоча. Кабагил. Џакол. Хунаб Ку. Ин Л'акех Ала К'ин. Атахенсик. Еотото. Тангалоа. Абегуво. Атуа. Ира. Лауфакана'а. Таеваиса. Џаинкоа. Шангди. Изанаги. Марики. Саранју. Дјаус Пита. Адити. Хорагалес. Теиваз. Перкеле. Укко. Тиниа. Ани. Аида. Латобиј. Таранис. Барсамин. Ахаман. Денка. Мулунгу. Нумакула. Олорун. Шанго. Умвелинканги. Тикуа. Ксамаба. Хорус. Хатор. Нут. Мехет-Верет. Тиан. Вакеа. Бочика. Алам-и-Хахут. Алам-и-Лахут. Алам-и-Џабарут. Алам-и-Малакут. Алам-и-Насут. Божествен татко. Безимен владетел. Омега точка. Рајот и Бог не постојат. Рајот и Бог се Ти. Ти си Јас, Јас сум ти. Хунаб Ку. Ин Л'акех Ала К'ин.

Молитви од сите светски јазици на глас те довикуваат.

Истовремено свесен си за сите правди и неправди некогаш сторени, за нивната совршена изедначеност.

Ништо освен љубовта не ти е важно.

Најубавиот сон кој некогаш си ги имал трае колку еден бескрај.

И потоа свесно се будиш, полека и спокојно, без какви и да се обиди за интервенција во природните текови, знаејќи дека сѐ на овој свет е на своето место.

Рајот е овде, секогаш, кога и да посакаш, колку долго и да сакаш да остане.

Вистинитоста на сонот ја огледуваш од јавето на сопствените чувства и полека се припремаш да го одлееш своето тело насекаде каде ќе треба да стапнеш во текот на претстојниот ден.

- **Да се живее од уметност**

Да се живее од уметност е уметност која само неколкумина успеваат да ја замислат, уште помалку да ја сфатат, и скоро никој да ја реализира.

Овој расказ инспириран од реални настани е посветен на состојбата на македонскиот уметник на почетокот од овој век, која би можела да понесе епитет не поинаков од *катастрофална* во економска, како и квалитативно-социјална смисла, имајќи ја предвид конзистентната

општествена индиферентност и негрижа кон секакви трајни вредности во ова поле на човековото дејствување.

*Делумно инспирирано од промоциски настани, некогаш и негде*

- Почитувани присутни – со вообичаениот длабок и продорен глас се обрати промоторот, денеска ќе ми припадне честа да зборувам за едно несекојдневно и фасцинантно поетско дело. По тој повод, ви благодарам на присуството и се надевам ќе успеам барем делумно да ви ја доловам суштината на книгата која допрва треба да биде промовирана.

Во тој момент, станувајќи, малку се подзаниша додека не му помогна авторот, седнат од неговата лева страна.

- Мал дисбаланс, за среќа не како оној со хормоните на авторот кој го пишувал ова. Се шегувам. Значи, да продолжам.

Претури виски во чашата поставена директно пред себе и ја крена високо.

- Денес е денот да наздравиме за оваа нова извонредна појава на нашето книжевно небо.

Дигајќи ја уште малку повисоко, од чашата капна со неколку капки алкохол врз отворената книга.

- Ете така. А сега, да ве прашам, што мислите за сликана? – се обрати, вперувајќи го прстот кон една платнена слика закачена за еден од шесте столбови во меѓупросторот до публиката.
- Ако може да знам дали се свиѓа или не? И зошто?

Владееше штама.

- Значи, таа слика е насликана од еден човек кој е исто така одличен во својата професија и кој досега има  изведено над десет самостојни изложби. Дали некој сака да ја купи? Регуларната цена е 2 200 денари. Што велите?
- Многу е – шушна некој во публиката.
- Е, добро де, многу било. Се работи за академски сликар, сериозен уметник. Еве, нека биде 2 000. Не, нека биде 1 800. А? И тоа да не ви е многу? Кој рече пред малку дека е многу?

Немаше одговор.

- Ех, што луѓе сте. Каде е Влатко?

Го разврте погледот низ публиката.

- Влатче, овде ли си? Аааа, еве те. Влатче, ти си богат. Жити сè, погледни ја убаво сликава. За 1 900 ден. ти би можел да ја земеш.

1 800 за сликата и 100 да частиш едно виски за олку добра зделка. Ајде, знам дека ти се свиѓа.
- Супер е, ама моментов не носам пари – се засмеа Влатче.
- А бе, не мора моментов. Може да платиш и утре, задутре, ќе се договорите со сликарот.
- Добро, ама нека е за 1 500 со сѐ вискито.
- Ех, сега и ти... ајде, нека ти е.
- Јухуууу!

Публиката се крена на нозе.

- А добро, почитувани, што мислите за онаа слика до неа? Ви изгледа ли колку-толку интересно? Таа е, рака од срце, насликана од уште поквалитетен сликар со над 15 самостојни изложби. Почетната цена е иста со онаа на претходната – 2 200 денари.

Голтнувајќи уште една голтка додаде:

- Со сликата гратис добивате и примерок од книгата која што ја промовираме. Нели Мики?
- Па... да да, секако – додаде Мики, поетот од неговата лева страна.
- Ете, завршена работа.

Наместо одговор, просторијата почна да се празни и наскоро останаа само неколкумина.

- Во ред, кога не ве интересираат повеќе слики, да се позанимаваме со книгата која што ќе ја промовираме. Значи, според она што ми го рече авторот, таа е напишана пред околу 5 години и во неа се испреплетуваат настани од неговиот живот со настани од неговата фантазија. Цената на книгата Мики ми предложи да биде 200 ден. но јас сметам дека таа е превисока и затоа би ви ја понудил за 150.

Во тој миг, Мики полека но видливо го поттурна со лактот во ребро.

- Па добро, 175 нека биде. Ни твое, ни мое. Што велите?

За неполна минута во просторијата останаа вкупно четворица: авторот, промоторот и уште двајца.

- Сепак, нека биде 150. 270 за двајцата?
- Па...
- Ајде, ајде. Да го скршиме мразот.
- Ќе купиме една.
- Важи. Мики, треба да частиш.
- Повели – му дотури виски Мики.
- Данкешен.
- Инаку, дали примеќаш дека останавме само јас и ти?
- Еј, стварно. Значи ние сме тие одбраните. Отсекогаш сум знаел дека се ретки тие гении како нас.

И така, после успешно продадената слика и книга, двајцата среќно и весело отидоа на пливање.

Газдата на базенот беше автор на сликата.

**● Пишувачот на идните времиња**

Во сè се вклопуваше со стереотипот на старовремскиот писател.
Но тој имаше и уште една одлика која ретко со кој би можело да ја сподели.
Беше старовремски писател кој пишуваше за некои идни, никому познати времиња.
Откако ќе ги завршеше потребите надвор од домот, радо се повлекуваше во својот еднособен затвор опчинет со желбата да ги преточи пророштвата на хартија.
По цели 9 години конечно успеа да заврши книга со тајно знаење и пророштва која требаше да излезе во 108 примероци за кои во својот тестамент забрани да се размножуваат.

***

- ...тие ќе успеат да создадат возила со променлив облик кои ќе се движат низ земја, вода, воздух и оган. Ќе си ја менуваат формата и температурата складно на надворешните услови, кои на тој начин и самите ќе бидат менувани. Одредени нивни сегменти ќе бидат изградени од супер-цврст и температурно отпорен материјал кој ќе биде еден вид каросерија. Допирот на овој материјал со линијата на некои контролирано предизвикани експлозии ќе биде погонот на ваквото возило.
- Самите луѓе ќе бидат создадени од овој неверојатен материјал, што би значело дека идните луѓе ќе имаат тела како духови: ќе можат да ги управуваат и менуваат како што сакаат. Летањето над Земјата со брзина на светлоста нема да биде ни најмала пречка за ваквите супер-тела.
- Во супер-телата ќе биде вградена интелигенција со помош на која истите сè подобро ќе се адаптираат на надворешните услови врз основа на претходните искуства. Ваквата интелигенција ќе биде своевидна модерна замена за застарениот нервен систем, но истовремено ќе влијае и врз генетскиот состав, кој исто така ќе се „електрифицира“, односно ќе се поврзе во нова електрична мрежа со природната и вештачката интелигенција.
- Еволуцијата ќе може да се забрзува и забавува и врз основа на тоа често ќе се бираат подобрите адаптациони квалитети кои ќе се преземаат во „паметните тела“.
- Иднината на државите е во изградбата на „супер-мозоци“, мрежи од мозоци поврзани во телепатска размена на информации во облик на мисли, емоции и перцепции. Хиерархиската поставеност на секој мозок ќе зависи од неговата волја и пресметана

експлоатабилност, односно од можноста севкупно да придонесе за ваквите супер-организми и за себе.

- Ваквите супердржави ќе бидат здружени во единствен глобален суперорганизам кој на свој начин ќе претставува најусовршен организационен облик на човечката цивилизација. Глобалното и локалното функционирање ќе тежнеат кон хармонија која ќе ги ослободи од сите болести, умор, нелагодности и незадоволства.
- Реализирањето на бесмртноста ќе стане секојдневие. Всушност, во ова време ќе биде совршено нормално и нормативно свеста на секого од ваквите суперорганизми да биде зачувувана на електронски мемориски уреди. Во процесот на зачувување, свеста ќе биде минимално трансформирана, како што би било случај и со секој друг процес директно инволвиран во нејзиното носителство како на пример телепортацијата со брзина на светлината и промената на градбениот материјал и неговите карактеристики.
- Сите посакувани состојби на ум, вклучувајќи ги и различните чувства на среќа, спокојство и сетилни задоволства ќе бидат предизвикувани и одржувани во текот на бесконечно долгиот живот со помош на соодветни вештачко-интелигентни уреди од телото.
- Најголем дел од задачите за кои е неопходна интелигенција ќе бидат поставувани, а потоа и решавани од вештачка интелигенција, а најголем дел од задачите за кои е потребна физичка сила ќе бидат извршувани од роботи во рамките на ваквиот глобален суперорганизам. Роботите и компјутерскиот хардвер ќе бидат изградени од подеднакво нанотехнолошки усовршен материјал и ќе сочинуваат интегрален дел од севкупниот глобален супер-организам, налик произволен орган од човековото тело какво што денес го знаеме.
- Не само на работната сила, туку и на истражувачката интелигенција главни носители ќе бидат машините чии надредени ќе бидат различни типови киборзи.
- Енергијата сè повеќе ќе ја преземаме од надворешни вселенски извори иако ќе можеме и самите да ја произведуваме неспоредливо повеќе одошто можеме да замислиме. Делови од вселената ќе колонизираме со помош на усовршени техники за хибридно биолошко-механичко размножување, за потоа да создадеме трајни врски со истите. На сите наши планети ќе успееме да ги контролираме природните појави, но и со огромна прецизност да ги предвидуваме  и навремено да ги спречуваме катастрофите однадвор, трансформирајќи ја нивната енергија во дополнителни ресурси.
- Сепак, распространувањето низ вселената, како и секој друг цивилизациски подвиг нема да биде по секоја цена со оглед на извонредниот квантитет информации во чие располагање би било раководството на глобалната интелигенција.
- Спротивно од предвидувањата на безброј автори на научна фантастика, ваквиот тек на настани сам по себе нема да биде ниту утописки, ниту дистописки. Секоја емоционална конотација на природните процеси е субјективна валоризација.

Додека пишуваше, речиси воопшто и да не размислуваше.

Едноставно, мастилото течеше само од себе, правејќи пат за секое натамошно движење на пенкалото.

- Моето целокупно знаење за иднината не е производ на размислување и логички изведени калкулации колку тоа и да делува така. Напротив, тоа претставува продукт на мојата ослободена имагинација која сите овие техничко-технолошки достигања ми ги претставила во светот надвор од јавето.

Завршувајќи го последниот пасус, молневито стана, станувајќи свесен дека светот во кој се наоѓа е надвор од концipираниот, стана свесен дека самиот не постои. Барем не очигледно.

- Но, јас сум сонуван! Кој е тој што се дрзнува да ми го сонува животот? – вознемирено се погледна во огледало.

Одеднаш огледалото почна да испарува, а веќе следниот миг истото се случи и со секој друг предмет од просторијата, вклучувајќи го и сонетиот.

- **Имало Господ (Раскажано од лицата Марко и Андреј, соодветно)**

***Верзија според Марко***

Тоа утро Андреј го изгуби паричникот со пари и важни лични документи.

Патуваше со меѓуградски автобус.

Откако стигна, сфати дека го нема и го повика својот пријател Марко да му помогне.

- Не се сеќаваш на моментот кога го изгуби… дали барем имаш одредени сомнежи каде би можел да биде?
- Немам идеја, брат.

По некое време, по предлог на Марко, заминаа на неколку минути во црква.

- Да знаеш дека ќе ти помогне Господ – забележа полусаркастично.
- Веќе ми помогна со тоа што ми текна дека не ставив илјада долари како што најпрвин сакав – врати Андреј.

Потоа се разделија.

По неколку часа, вечерајќи, Марко го стрефи мисла: „Сигурен сум дека Андреј некако успеал да го пронајде паричникот“.

Три секунди подоцна заѕвони мобилниот. Андреј беше.

- Еј, брат, го најдов паричникот! Не ми се верува...
- Андреј, не знам како но токму три секунди пред да заѕвониш знаев дека ќе ми го кажеш ова. Имало Господ. Во автобусот, така?
- Да. Неверојатно е како сум успеал да седнам повторно баш во истиот автобус, а уште поневеројатно е како никој не успеал да го забележи на седиштето.
- Имало Господ, ти реков. Да знаеш дека ќе напишам краток расказ за ова.
- Џабе се случило ако не напишеш. И да напишеш.
- И ќе напишам.

Ете.

## ***Верзија според Андреј***

*Според настани кои се случија непосредно два дена пред денешниот, еден ден зад вчерашниот и четири дена зад задутрешниот ден*

Тоа утро Андреј помисли на задачата што требаше да се изврши еден час по неговото будење; тој успеа да приграби сè што во тој момент чувствуваше дека му е неопходно и набрзина излета низ влезната врата.

Клучевите ги смести во предниот лев, телефонот во предниот десен, а паричникот во задниот десен џеб, навика што ја беше практикувал многу години, толку многу што кога се обидуваше да се сети на точниот број, датум и време на практикување на истата навика, главата почнуваше да му праќа вибрации кон неговиот ум што тој ги наоѓаше непријатни за воспримање, без разлика на времетраењето, паузата меѓу интервали или јачината на истите мозочните бранови.

Така, дезориентиран и изморен како и обично, не по навика, ами по должност, Андреј се упати кон најблиската меѓуградска автобуска станица (рака на срце, имаше само една, и рака на џигер, таа една служеше и за меѓуградски и за интерградски превоз на патници; едното се вршеше од едната, другото од другата страна) со побрз чекор од вообичаениот, постојано гледајќи на рачниот часовник, броејќи ги само минутите (оти знаеше колку е полниот час).

Пристигнувајќи на импровизираната урбанолокална станица што не беше реновирана уште од времето на претходните четири влади, изнемоштен од мислите и од телото преоптоварено со мислите, седна на една од зелените клупи (додуша, имаше само две) и оттука натаму не размислуваше за ништо друго освен за задачата што уште не ја беше подготвил и за сумата на билетот за релацијата која тој ден имаше намера да ја пропатува, во правец Куманово-Скопје, и назад.

Вадејќи го паричникот од задниот десен џеб, без никакво контемплативно проследување, ја избра точната сума за билетот. Сто денари.

Доколку билетот се подигнеше на првобитната станица (не оваа импровизираната - да, за да нема забуна, Андреј во последен миг се реши да чека на локалната која беше поблиску, предомислувајќи се за главната автобуска станица, оти се наоѓаше просторно подалеку) чинеше десет денари помалку. Вака чинеше ни повеќе ни помалку, туку 100 денари.

Држејќи ја кафеавобактеринфицираната банкнота во предната десна рака, Андреј постојано го вртеше вратот во насоката од која се очекуваше да сврти автобусот, не забележувајќи ги ниту луѓето, ниту врапците што се прпелкаа во правта исто како и луѓето околу него.

За време на постојаното вртење на вратот, Андреј реши да и даде задача и на незафатената мозочна хемисфера, па така со преостанатата когнитивна моќ тој се обидуваше да го испланира текот по кој би можела да се движи, сега веќе готовата, тогаш незапочнатата задача, за која ден претходно јавно се изјасни дека не ја беше изготвил (и затоа сега имаше малку трема), ветувајќи дека уредно ќе ја изврши наредниот ден, три дена пред денешниот, два дена зад вчерашниот и пет дена зад прекутрешниот ден.

Тукуречи, вниманието му беше расфрлано насекаде, најмногу никаде, најмалку кон задниот десен џеб во кој место наоѓаше неговиот паричник. Всушност, статистички кажано, тој ден Андреј имаше три допира со сопствениот паричник, еднаш сабајлето ставајќи го во џебот, еднаш на локалната автобуска станица вадејќи банкнота од сто денари и еднаш наоѓајќи го во истиот автобус во кој го беше изгубил.

Тој ден Андреј го изгуби паричникот. Тој ден Андреј имаше имаше најмал број допири со паричникот. Тој ден паричникот му беше најважен.

Потоа се сретна со Марко. Марко беше добар човек и ја разбра неговата мака по истоварувањето од автобусот кое беше нималку забавно за Андреј и одеше некако вака: по качувањето и сместувањето на задното седиште, токму на крајот од автобусот, десно, Андреј ја преупати моќта за размислување во моќ за конкретно делување.

Вадејќи еден лист, книга, тетратка и пенкало со кое имаше намера да го исполни листот, полека започна да го спроведува претходно недовршениот план, во истовреме надоврзувајќи го со претходниот и надополнувајќи го со следниот момент на делување.

Релацијата се поминуваше за еден час споро возење (нешто околу осумдесет километри на час), па така Андреј не мислејќи многу, инстинктивно пребарувајќи се по џебовите исто по навика, по пристигнувањето на конкретната локална автобуска станица во Скопје, речиси да излезе од задната врата. Речиси, затоа што по инстинктивното пребарување по навика, не успеа да го пронајде паричникот во задниот десен џеб.

Потоа се врати на местото на кое седеше, меѓутоа тука не успеа да забележи ништо невообичаено, црно и правоаголно, во слична или инаква форма што би се издвоила од таписеријата на автобуските седишта. Исправен пред поаѓањето на автобусот, затворањето на вратите и исполнувањето на

задачата што успеа да ја почне и заврши на задното седиште, Андреј речиси повторно за малку што не излезе од задната врата.

Враќајќи се уште еднаш на старото место на кое седеше, уште еднаш успеа да фрли поглед на аритметичката средина на седиштето.

Повторно ништо, повторно автобуска бледосина таписерија, необновена уште од времето на социјалистичкиот комунизам и монохроматските кутии за гледање (телевизори). Сега автобусот веќе беше во процес на забрзување, а Андреј во процес на доживување на третиот Њутнов закон, бидејќи насоката во која забрзуваше автобусот, литотно речено, го подгурна во страната спротивно од забрзувањето, или полулаички речено, Андреј потклекна под инерцијата на тело во движење.

Третиот пат излезе пресуден за него, бидејќи овојпат, невронот кој ја имаше задачата за складирање на меморијата за презентирање на задачата која му беше наложена за денес, два дена пред денешниот, еден ден зад вчерашниот и четири дена зад прекутрешниот ден, токму во тој момент беше иницирал хемиска реакција која го натера Андреј да го стори чинот на излегување од задната врата на меѓуградскиот автобус.

Потоа, знаејќи дека паричникот не е во неговиот заден десен џеб, пребарувајќи го ранецот и утврдувајќи дека не е ни таму, Андреј подлегна на агонијата што го следи човека секогаш кога ќе се најде во беспомошна ситуација.

Првата помисла му беше насочена кон сумата за враќање дома, а со втората веќе помисли на Марко.

Марко беше добар човек, сигурно ќе му помогнеше во маката во која се најде.

(Автор на верзијата според Андреј е господинот Адријан Арсовски.

По тој повод, Марко вели: „Благодарам за комплиментите и... памет во глава“.)

- **Човекот со гитара**

*Инспирирано од животната приказна на*
*последниот македонски трубадур Илија Џаџев*

Беше еден од неколкуте кои го живееја својот сон и кои низ таквото живеење впрочем ја сонуваа својата сегашност наместо иднината.

Неразделен од својот уникатно изработен инструмент, умееше да смисли песна за секоја ситуација во која некогаш ќе се најдеше.

Илија, музичката маскота на малото гратче со средоземноморска атмосфера од дваесетти век, за разлика од самата судбина, не правеше разлика меѓу оние кои таа ги имаше качено на врвот и оние на дното.

Свиреше низ затворите, свиреше низ дворовите на оние кои управуваа со земјата, свиреше за секој обичник кој сакаше да допре до милозвучието на егзотичниот инструмент.

Го имаше поминато целиот континент, чии најневообичаени места и самиот солидно ги познаваше, како професор по географија, но пред сè како деец.

***

- Дојди да ни испееш една тажна песна за Револуцијата – му се обрати еден човек со залижана коса, кружни очила и високо чело, облечен во елегантен костим.

Се наоѓаа во пространиот подрум на една зграда во Париз, заедно со уште триесетмина.

Господинот по име Фернандо Валера Апарисио седеше на чело, а музичарот беше пред него, опкружен од останатите кои го придружуваа.

Фернандо беше Претседател на последната шпанска Влада во егзил, до смртта на Франко и доаѓањето на кралот Хуан Карлос, а потоа и социјалистите на власт, и еден од најмалку познатите на таа позиција за Шпанија и за светот.

Четириесет и нешто годишниот Илија земајќи ја гитарата в раце, запеа:

Вистинските хероли се откажуваат

Кога реката излегува од своето течение

Заради силата на ветрот.

Мудроста од дамнина до денес

Се пренела низ краевите ко лисје

Ронејќи се со низ својот лет.

Вистинските хероли се откажуваат

Заради сопствениот лет,

Водени од својот ветар.

Некои од дрвото не ја гледаат шумата

Само затоа што ветрот нема сила

Да го излее коритото на бистрата река.

- Извонредна изведба пријателе. Но сепак, ова не е песна за Револуцијата или се лажам? – едвај движејќи ги усните запраша седнатиот.

Музичарот мигум се насмевна, запевајќи го повторно рефренот:

Некои од дрвото не ја гледаат шумата

Само затоа што ветрот нема сила

Да го излее коритото на бистрата река.

- **Расказ за една асфалтна пукнатина**

Беше кратка. Дебела, длабока, стара, но и едвај забележлива.

Еднаш неа ја помина Климе кој од неа се сопна, се бапна врз блискиот автомат за сладоледи на слаткарницата „Добар пат", а потоа, со изгубена рамнотежа се бапна и врз слаткарот Томе.

Друг пат неа ја помина и Здраве кој од неа се сопна, се бапна врз блискиот автомат за сладоледи на слаткарницата „Добар пат", а потоа, со изгубена рамнотежа се бапна и врз слаткарот Томе.

Трет пат неа ја помина и Спретен кој од неа се сопна, се бапна врз блискиот автомат за сладоледи на слаткарницата „Добар пат", а потоа, со изгубена рамнотежа се бапна и врз слаткарот Томе.

Четврти пат неа врз неа застана едно безимено гладно маче кое сакаше да се спари со друго безимено најадено маче, но не му успеа зашто веднаш потоа заврна. А беше на добар пат.

Петти пат неа ја помина и Здраве, кој се залета со точакот и за влакно не се акна во автоматот за сладолед.

Шести пат, на 28 Април, пукнатината не можеше да се примети затоа што беше покриена со партиска бина изработена од чисто 24 каратно злато од Индија заради митинг.

А седми пат не се деси буквално ништо зашто немаше никој во близина.

Слаткарницата „Добар пат“ тој период беше во стварно јака форма.

А Срećко од ривалската пекара „Лоша компанија & Co. Ltd“ (некогаш бивш слаткар) се каеше зошто баш тогаш мораше да го напушти слаткарскиот бизнис после толку години макотрпна работа во „Добар пат“ и да премине во пекарство, кое тој момент беше бизнис во изумирање.

Набргу потоа Срећко влезе во партија и успеа да стане пратеник во Долниот Дом, а потоа дури и заменик министер за труд.

- **Таткото на Зрак**

Зрак седеше на маса кога крај него помина еден пријател по име Живко.

- Кај си бе, Живче!
- Еве сум бе Зрак. Ти кај си?
- А бе ќути, не прашувај.
- Зошто бе?
- А бе татко ми е умрен.
- Не зафркавај?
- Да бе, остај. И сега немам пари ни да завршам работа со последното испраќање.
- Аман бре! Зар дотаму стигна со тој стил на живот!? А убаво ти велев да ги фрлиш тие коцки во ѓубре.
- Коцките не можев да ги фрлам затоа што не беа мои. Што да правиме, човечки судбини...
- Е да. И сега?
- Па сега мој пријателе би те замолил да ми позајмиш 500 евра ако ти се наоѓаат во моментов. Знаеш, се работи за последно испраќање...
- Уффф... Зрак бе, многу пари се тоа. Кај ме најде баш сега?
- Ајде бе брат, знам дека го можеш ти ова. Ќе ти ги вратам веднаш штом бидам во ситуација.
- Знам дека ќе ми ги вратиш штом бидеш во ситуација, ама за жал не би можел да ти помогнам. Жал ми е.
- Ајде, ајде... ако не 500 бар 100 би можел да дадеш.
- Немам толку.
- 50 евра?
- Дури и тоа е многу.
- 1 000 денари бе?
- Уф, и тоа е многу.
- Бар 200 денари мора да имаш. Живче бе, тоа е апсолутен минимум за пред излегување во град, и сам знаеш.
- Да, ама ние сме суб-минимални суштества.
- Стотче?
- Ни толку.
- Добро бе, дај дваесет денара да му се мочам!

- Еве.
- Фала ти. Келнер, донеси уште една жолта за Живче!
- Еве сега – рече келнерот.
- Фала, ама не треба. Моментов имам некоја работа па мора да брзам.
- Во ред нема проблем. Убав помин.
- Фала и жал ми е за татко ти.
- Океј. Келнер, донеси вода со ракијата.
- Веднаш!

После 5 дена.

- Здраво. Вие сте Живко?
- Да, од каде знаете?
- Ми рече Зрак. Јас сум татко му.
- Што? Вие сте таткото на Зрак?
- Да.
- Но Вие сте призрак!
- Не, јас сум Умрен.

- **Преку мостот**

*Според македонски настани од реалноста*

Селаните беа пресреќни. Конечно ја донесоа долго очекуваната одлука: работна акција за изградба на локалниот мост, толку потребен за поврзување на селото со ритчето веднаш по широкиот јаз.

На селското заседавање, само Злобимир гласаше против изградбата.

За неполн месец мостот беше конструиран и спремен за користење.

На пуштањето на мостот во употреба се отвораше шампањско, се читаа стихови од Библијата, се славеше со песни и вино до квечерината.

Недостигаше само Злобимир.

По струка беше овчар, а единственото пасиште во блиската околина беше токму на тој рид.

Но единствениот кој не минуваше низ тој мост беше Злобимир.

Носеше високи гумени чизми кои му овозможуваа директно да премине низ јазот, сечејќи ја водата во цик-цак.

Поминаа многу години оттогаш и Злобимир стана татко на двајца синови-близнаци.

Неговите синови Инаетислав и Тврдоглавимир сфатија дека исто така не мораат да преминуваат преку мостот.

Поминаа многу години оттогаш и Инаетислав и Тврдоглавимир станаа татковци на близнаци кои исто така станаа татковци на близнаци кои исто така станаа татковци на близнаци кои исто така станаа татковци на близнаци сѐ додека еден ден лозата на Злобимир не стана толкаво мнозинство што најмадиот, Умнислав, се запраша себеси:

- Па добро бре, зар во 18 век живееме?

и престана да прави деца.

**● Платен самоубиец**

Сонував дека сум платен убиец.

Или попрецизно, платен самоубиец.

(До денешен ден не знам кој ме плаќаше, но знам дека не работев за беспари, иако платата секогаш доцнеше.)

Сфатив по ликовите кои можев да ги распознавам малку подоцна во прогресијата на сонот.

Сите го имаа мојот лик.

Или попрецизно, беа одрази од огледало искршено на безброј парчиња.

Колку што повеќе од нив успевав да застрелам со својот канадски *Магнум 357*, толку повеќе огледалата дополнително се распарчуваа, опколувајќи ме со себе.

Одеднаш, сеќавајќи дека можеби е време да се запре, застанав смирено во внатрешноста на новоизградениот тридимензионален свет на искршените рефлексии.

А внатрешноста неверојатно многу потсетуваше на... македонското Собрание, онакво какво што го познаваме од Собранискиот Канал.

Оттогаш престанав да сонувам некое време, сѐ дури не почнав повторно.

**● Расказ посветен на сите старлети кои ќе ги запознаам**

„Почитувана старлето, здраво. Се викам Марко и Ве обожувам.
И се восхитувам на Вашата мудрост, храброст, талент, трудољубивост, како и на убавината на Вашата душа. Гледајќи во вашите телесни пропорции сфаќам дека ги имате најневеројатните вонтелесни порции совршенство; Вие сте најсовршената личност која некогаш сум ја запознал.

Верувале или не, токму Вие, млада г-ѓице, сте причината заради која творам. Освен за творење, Вие сте единствената инспирација заради која работам со продолжено работно време. Да, работам како платен убиец и сум од оние кои не трпат дискриминации на база на работно место.
Еднаш требаше да му свирнам 3 куршуми на диџејот во една преполна дискотека, но токму тогаш се појави ти и во занес и последна фаза на моето натприродно пијанство, секој од трите куршуми тргна во различна насока: првиот во диџејот, вториот во миксетата, третиот во заменик-градоначалникот.
Целата дискотека беше речиси подеднакво луда како за време на забавата и никој не примети дека пукав, а јас радосен до бесвест што те видов, почнав да си ги тријам рацете. Од радост.
Ги триев цела вечер а и дел од утрото.
Потоа ми се слоши, а докторот ми рече дека плускавците кои сум ги направил од прекумерното триење ми предизвикале труење, а за малку сум се спасил од рак на плускавци, наводно нов тип рак за кој токму јас сум требало да станам првиот евидентиран случај. Ти ме спаси. Токму твоето постоење е причина за непостоењето на болест која ќе го носи моето име.
Ме возбудува секое твое движење.
Дотолку што ме советуваа да ѕвонам кај Милан Тарот и откако послушав, овој по кратко размислување, ја прекина тишината и ми рече дека е тоа нормална работа за мојата возраст и се успокоив.
Ах, зошто… зошто ли не можам да те имам?
По ѓаволите нека оди светот ако не можам да те имам а тој продолжи да постои онаков каков што е.
И така натаму.
Пиши да се видиме. Честам Walker.
Поздрав, Марко“
И пишам писмо на една старлета.
По неколку дена одговор:
„Здраво Марко, фала тина убавите зборови, хехехех. Се гледа декаси интелегентен и талентиран zada bides dobarpoet.
Prodolzi napret,
Marija“.
И пишам пак:
„А бе, ќе излеземе ли?“
По неколку дена одговор:
„Dada kadesi sega?“
И пишам:
„Моментот кога ти пишав не бев таму кајшто си била ти. Али може да се договориме.“
По неколку дена:
„Е штета. Па, може дасе договориме.“
По неколку дена, пак:
„Да, може дасе договориме.“

По неколку дена, веќе оседен, читам:
„Извини Марко, неможам моментов да излегувам, nafrizer сум. Зафатена сум парадигматично. Но, може dase dogovorime.“
По неколку дена, на 29 февруари 2028 помина гигантски астероид крај Земјината топка, но на среќа, сѐ заврши без човечки жртви, иако исклучок од ова беа некои микроорганизми кои ја населуваа атмосферата.
Старлетата не ми пиша повеќе и јас бев тажен. Тажен, тажен.
Си мислев на астероидот.
Кој го создал? Од каде доаѓаше? Каде беше упатен? Која беше смислата на неговата есенцијална егзистенција?
Воден од таа помисла, по неколку години дипломирав астрофизика.
Истакнувајќи се во јавноста како истакнат астрофизичар, ме поканија на една ТВ емисија, кога што да видам: водителка беше истакнатата старлета со која не успеав да воспоставам успешна комуникација!
- Господине Стефановски, дали сметате дека постојат вонземјани и дали е можно да воспоставиме успешна комуникација со нив? – ме праша, подголтнувајќи од жолтеникавата течност, веројатно виски.
- Пааааа… можеби – реков, спремен за пошироко образложение.
- Навистина широко образложение, г. Стефановски. Ви благодарам на гостувањето и продолжуваме со следниот гостин.

По неколку дена ја гледав репризата, повторно вљубувајќи се.

Старлетата беше постара за неколку лета и зими, беше мажена и имаше шест деца.

Се прашав што значи тоа.

„Шест е бројот на ѓаволот“ – си реков, брзајќи кон нејзината куќа (пред емисија ми рече каде живее, колку деца има, која и е омилена боја и зошто привремено го деактивирала својот Инстаграм).

Затропав и излегува маж и.

„Здраво“.

„Здраво“.

„Како е?“

„Добро, еве, се турка некако. Кај Вас?“

„Па, фино, еве… опуштено. Пешачев малце, па ја видов вратава и си велам да затропам“.

„Ако, ако. Битно е да се воспостави успешна комуникација“.

„Вратава од што материјал е?“

„Дуралуминиум“.

„А бе, дали знаеш дека сите хемиски елементи се создадени во ѕвездите?“

„Сакаш да кажеш дека We are all made of stars?“

„Хех, ме прочита“.

„Читам јас, бе, што мислите вие интелектуалците бе?“

„Ништо не мислиме ние, глупи сме“.

„Додека вие мудрувате за светот, ние се изначитавме од “Книгата на животот„. Дојди, ќе ти ја покажам“.

„Па... што знам“.

„Имам виски“.

„Ај за атер“.

„Ај“.

Живеев уште 40 и нешто години после тој настан, до 2078-ма, кога светот стана поинакво место за живеење.

Старлетата и понатаму продолжи да се занимава со старлетство, хорско пеење, музика, филм, театар, оперско пеење, оперски игри, балет, WEB дизајн, графички дизајн, скулптура, пинг-понг и старлетство од најнов тип. Имаше двојно повеќе од шест деца плус уште едно дете, беше активна до свои 89 години, кога, на жал на својата бројна машка публика, ненадејно почина од мозочен удар. Според медицинскиот извештај несреќниот случај се случил за време на читање стручна литература, и тоа од страна на нејзиниот сопруг.

Сопругот умре по некој месец од некој нов тип рак кој го именувале по него.

Бев склеротичен, не можев да се сетам на останатите детали.

**Дарвин во Земјата на stand up-от**

- драма-расказ (хибрид)

**Лица:**

Марко – stand up комичар
Гледачи кои дофрлаат досетки и реплики
Публика

*Атмосферата е типична како за stand up шоу, со постојани засмевања и динамичност на публиката.*

(Младиот актер, местејќи ја својата машна, гледа во својот светол одраз од огледалото осветлено од еден ненаместен сценски рефлектор. Мисли дека ќе има трема.

Сепак, појавата на таа сцена, како и пред секое друго stand up шоу, не му донесе ништо друго освен наплив на храброст, поттикната од апсолутната и непореклива верба во својот труд.

Излегувајќи, Марко е поздравен од овации кои ја креваат на нозе целата Универзална Сала.

Доближувајќи го микрофонот до усни, го подготвува ставот и гласот за раскажување, спремајќи се да го менува паралелно со менувањето на говорот на релација директен-индиректен и обратно.

Влегувајќи во осветлениот круг, почнува со раскажување.)

Марко: Веќе зазоруваше кога младиот господин Чарлс Роберт Дарвин, седејќи во кабината на капетан Роберт ФицРој, ја анализираше заедно со еден од тројцата бродски картографи, траекторијата на новоодминатото.

- Прашање на месеци е, Анри.
- Можеби, месје. Сепак, ќе треба да се помачиме околу нацртов. Секоја непрецизност може да кулминира со несакани последици, како што и самиот знаете.
- Секако, секако пријателе.

Чарлс го зеде својот монокл и набрзина го исполира со парче еленска кожа.

- Ќе те оставам овде пријателе. Одам на палуба.
- Во ред, месје. Се надевам ќе успеам да завршам до следното видување.

По неколку зачекорувања низ јасеновите скали опковани кремаст теписон со цик-цак шари, дваесет и седумгодишниот Чарлс се најде на палубата каде го чекаа други двајца истражувачи, едниот – зоолог кој со особен интерес се занимаваше со проучување на птиците и водениот свет, другиот – астроном по име Џон Хершел од кого младиот Чарлс стекна исцрпни знаења за Лиеловата теорија за геолошката еволуција.

- Господине Дарвин, вашето изигрување Џордано Бруно на 19-от век за не многу долго и официјално ќе може да започне. Што планирате откако ќе се вратите на Островот? – праша астрономот.
- Ох, Џон, Ве молам не ги раширувајте гласините. И онака ќе имам поприлично доста грижи со разубедувањето на господата од Кембриџ кои „едвај чекаат“ да ги чујат аргументите на еден анонимус кој патувајќи на некаков брод по име „Бигл“ престојувал во Јужна Америка за да излезе со уште една теорија за заедничкиот предок на луѓето. На оние како мене, како Вас, Џон, како нив... сите ние кои сме излегле од истиот крој на велелепната Мајка наречена Природа!
- О, да, младичу. И ќе се изнамачиш со тоа, верувај. Како и сите твои претходници. Впрочем, веќе се изнамачи со мене и моето тврдоглаво бродско Височество.
- И со себеси. И со себеси се намачив. Знаеш и сам – воздивна младиот Чарлс.
- Па, синко, признавам дека не си истото вообразено момче тукушто излезено од клупите на Христијанскиот Колеџ, иако си истото вообразено момче со желба да докаже дека светот по него нема да биде ист со оној пред него. Сепак, по сиот тој труд за овие 5 години несомнено заслужуваш одмор и за неколку дена ќе можеш да си го приуштиш.
- Се надевам, Џон.

Април во 1836-та беше месецот кога „Бигл“, сечејќи го (уште од септември минатата година) „пустиот Пацифик“, како што неговиот капетан милуваше да го нарекува, за да допре до Индискиот океан и Кокосовите Острови, за кои Чарлс процени дека се гребени израснати врз планински појас во фаза на опаѓање заради некакви внатрешни движења во Земјината кора.

Прекрасниот корален гребен со сиот живот во себе, сметаше Чарлс, се таложи заради ваквото опаѓање на земјиштето, одржувајќи се на висина со идеална топлина и сончева светлост.

Теоријата на младиот Чарлс за движењата кои го подигнуваа и спуштаа земјиштето заради мноштво показатели се чинеше логична заради примерите со чилеанските Анди и, претходно, Капвердските Острови, со што Лиеловите спекулации дека постои механика според која овие движења се одвиваат станаа неговата најнова преокупација.

Набљудувањата на младиот Чарлс на коралниот гребен го поттикнаа дури и капетанот ФицРој да искаже дека „тоа нема шанси да е резултат на 40-дневна поплава“.

По напуштањето на Кокосовите Острови, Чарлс конечно успеа да ја систематизира својата богата колекција од черепи, ‘рбетни и други коски и фосили од ѕверови со неприродна големина од некои дамнешни времиња какви повеќе не можеа да се видат во природа.

Во своите над две и пол илјади страници дневнички белешки и коментари за осведоченото, младиот научник се готвеше да создаде земјотрес за науката, парадигматски поместувајќи го тежиштето од онаа точка која ја посакуваа викторијанците.

Чарлс Роберт Дарвин се врати во Британија во октомври истата година.

Дваесет и три години подоцна, по исцрпни и сестрани анализи, Чарлс Р. Дарвин го објави највлијателното дело во историјата на западната наука – „За потеклото на видовите“, изнесувајќи го концептот за природна селекција, заедно со докази за веќе постоечката *теорија за заеднички предци на видовите* која подоцна стана позната како *теорија на еволуција*, докази кои од корен го променија разбирањето на човековата ролја во склоп на животот на Земјата.

(Младиот актер интенционално поткашлува.)

Марко: Дами и господа, дали сте свесни дека се обраќам на толпа мајмуни?

(Бран од смеење ја прекинува позадинската тишина.)

Марко: Што, сакате да ми кажете дека се сомневате во ова? Има некој меѓу вас кој се сомнева дека е мајмун?“

Гледач 1: Да!

Марко: Господине сомневач, навистина мислиш дека мајмун може да располага со капацитет да се сомнева дека е мајмун?

Гледач 1: Не!

Марко: Мајмун кој може да се посомнева во својот мајмунлак… не е мајмун. Но тоа можеби важи само за тебе, господине. Што правиме со останатите? Има ли некој друг кој се сомнева во тоа дека е мајмун?

(Неколкумина во публиката се повикуваат себеси на глас.)

Марко: Во ред, паметни момци и девојки. И вие не сте мајмуни. Но вие не сте повеќе од 15 души. Што правиме со другите? Да им дадеме уште една шанса да се пријават?

(Марко ја подига шапката, забришувајќи си ја потта од чело.)

Марко: Очигледно нема потреба. Најголемиот дел од вас биле и ќе останат мајмуни, колку шанси и да ви даде човек. И што е најчудно, самиот овој факт не е за чудење.

(Одеднаш неколкумина извикуваат, следени од остатокот од присутните.

Громогласно „јас“ трешти низ целата сала.)

Марко: Ах, да. Знам дека не сте мајмуни. Освен тогаш кога сте.

(Се чеша.)

Марко: Не важи сега. Доцните. А кој доцни, тој не грабнува ни една среќа и не само што не станува човек туку не станува ниту мајмун. Останува сперматозоид.

(По кратка пауза и голтка вода, продолжува.)

Марко: Дали некој од вас може да претпостави зошто ја раскажав приказната за Дарвин? А? Било кој?

Гледач 2: Затоа што си пандан на Дарвин во Земјата на stand up-от!

(Марко намрштено подига веѓа во знак на чудење.)

Марко: Затоа што сум… пандан на Дарвин во Земјата на stand up-от?

(Се чеша по гради.)

Марко: Уф, и филозофи сме имале во публика. Ако, и тие се дел од нашата еволуција како вид, иако ќе признаам дека не располагам со информации кои би објасниле заради што.

(По кратка пауза, замислено.)

Марко: Сепак, не сум се гледал себеси како пандан на било кого, најмалку на Дарвин. Кога Дарвин би бил stand up артист, би бил првиот stand up артист.

И од него би тргнала еволуцијата на stand up-от. Светот би бил едно помалку токсично место. Ама не е. И еволуцијата на stand up-от денес е малку спорна.

Така што... господине филозоф, мојот одговор е спротивен на позитивниот и неутрален кон неутралниот, има 2 букви, почнува на „н“ и завршува на „е“.

Некоја друга идеја?

(Марко подголтнува од чашата вода, давајќи знак на човек од публиката да искаже мислење.)

Гледач 3: (Станува.) Затоа што и вие сте филозоф!

(Марко во знак на неверување рефлексно ја плука водата.)

Марко: А? Ќе може да повторите?

Гледач 3: Затоа што сакате да филозофирате за еволуцијата на човештвото? Дека не сме тргнати напред?

Марко: Тоа дека не сме тргнати напред може да го знаеш и без да си филозоф. И мајмуните да можеа да потврдат, сигурен сум дека ќе го направеа тоа. Ама, да признаам, не сте далеку од објективната вистина, колку таа и да не постои. Всушност, сакав да кажам дека во склоп на моменталнава ситуација на човештвото можеби и во право се некои таканаречени „верници“ дека, всушност, не еволуираме... дека Господ нè создал сите за еден ден. Што би можело да објасни зошто сме заглибани во овие гомна.

(Подголтнува од водата.)

Марко: Сериозно, луѓе. Зарем има смисла да се расправаме дали пред X години имало 40-дневна водна поплава на светот кога истиот тој свет денес е повеќе од преплавен со најнеисчистливата замислива флека наречена „човечки суштества“? Постојат 2 можности да се објасни овој интересен феномен: 1. Господ бил егзибиционист кој од досада, внатрешни пориви за заебанции или како резултат на вонредно чудната и необјаснива смисла за хумор, едноставно, решил да го поплави светот; и 2. на Господ му дошло преку Тасе од... погодете кого. Токму така, во право сте, му дошло преку Тасе од нас. Му скурчило и решил да пододмори малку од нашите срања.

Отсекогаш сум се прашувал дали склоноста кон извршување срања од најразличен тип и калибар е дел од нашата природа? Со други зборови: дали ние луѓето го носиме Сатаната во нас (Прави гримаса.) – Сатаната во срцето

(Полутивко.). Ова како за предизборна кампања. (Го подига тонот.) Или едноставно, се работи за „зграпчи го денот“ прилики, исклучителни ситуации во кои сфаќаме дека имаме можност некому да заебеме работа за наши себични цели? Ќе ми помогне некој околу дилемава? (Кратка пауза.) Никој? Сфативте дека нема кому да заебете работа пошто на мајмунот пред вас и онака веќе се му е заебано? Ах, изгледа и ова е префилозофско прашање за вас. (Отпива од водата.) Приказната за Дарвиновото патешествие, драги мои, е или барем требаше да биде алегорија за приказната за патешествието кое секој од нас го поминува во својот и онака прекраток живот. Некој како научник, друг како stand up циркузант, трет како креатор на предизборни кампањи, четврт како филозоф, петти како слуга на Сатаната вечно заглавен во предизборни кампањи... секој од нас го гледа ебаниов свет со свои очи, различно од секој друг, различно од постоечките парадигми и на тој начин станува креатор на нови.

Не би сакал премногу да го „дрвам“ околу тоа како да ги живеете вашите бедни животи, но новите перспективи и искуства стекнати преку личната еволуција која секој од нас може и треба да ја мине е алатката која може да ни помогне да го намалиме бројот на слуги на Сатаната. И на тој начин да влезе во аналите на човечката историја и колективна еволуција, баш како Дарвин.

Гледач 4: (Гласно.) Само во аналите?

Марко: Па, имено... жалам што ќе те разочарам ама не мислев на тие анали.

(Благо се насмевнува.) Секој со своите валкани фетиши...

(Се чеша по брада.) А колку само бегаме од нив. Човек без валкани фетиши е ко предизборна кампања без валкани човеци. Па стварно.

(Го свртува погледот на страна.)

Туку, со оглед на строгата временска ограниченост на претставава, како и на сите убави работи во животот, по сè изгледа ќе мора да си ги соберам парталите и да ве оставам за некоја друга прилика. Така што, драги мои, кулирајте и не заборавајте: „Еволуција“ е второто име на патешествието низ ултимативната комедија на вашите животи.

(Ја напушта сцената, праќајќи бакнежи од дланки.) Со еволуцијата напред!

(По кратко, публиката ја напушта салата.)

***

По некоја недела Марко замина од државата и се пресели на Малите Антили, каде си фати згодна девојка.

Преминувајќи улица на патот сосема случајно го пресече комбе кое превезуваше цвеќиња и под претпоставка исто толку случајно од комбето излетаа две (на прв, а богами и втор поглед) елегантно спакувани ружи.

По само 2 секунди, под претпоставка, но истовремено, и под начелата на законот на случајноста, подеднакво случајно како првиот и вториот настан се случи и трет: девојката на Марко, Марта, сосема случајно наиде на својот дечко т.е. Марко.

- Марко, за мене е ружава? Ах колку си сладок. Ова е доказ дека ме сакаш.
- Марта, прво: ружава не е за тебе, за една тајна организација е; второ, знам; трето: ова е доказ дека сум член на една тајна организација. Знаеш, човечките суштества еволуирале како резултат на своето колективно заемно дејство.

И така, одненадеж развеселено и мотивирано (како резултат на спокојот кој извираше од промислата за колективната човечка егзистенција врз чија основа се фундираше и колективната човечка есенција, мета-есенција, како и практично-философска кореспонденција [кажано во духот на Марковата повремена елоквенција]), Марко ја пронајде патеката на својата сопствена еволуција која водеше некаде во непосредната околина на 912 степени СГШ и 192 степени ИГД.

## ● Продавачот на ветар и магла

Дождовникот. Го викаа така не само заради волшебството со кое беше обдарен, го викаа така затоа што изгреваше и заоѓаше, доаѓаше и заминуваше со секоја нова вода од небото: „Човек на дождот“.
Половина живот мина со пријатели од својот кварт во играње кошарка, ефективно користејќи ги своите 192 сантиметри кои некогаш се надеваше ќе му помогнат да влезе во водите на професионалната кошарка.
Беше ѕвездата на квартот.
Медиумите константно ги полнеа насловните со неговите предвидувања стандардно вметнувајќи го карактеристичниот евтин сензационализам од кој колку и да сакаше да избега, не му успеа.
Од едни издигнат на пиедестал, од други исплукан, веќе му беше сеедно како некој однадвор гледа на тоа.
„Дождовнику, ќе направиш ли да врне денес? Веќе две недели нема капнато, а жетвата треба да почне за уште толку“.
„Дождовнику, ај те молам сопри го дождов, ми навлезе вода во шпајзот и сега е во хаос!“
„Дождовнику, ако поседуваш реални моќи за контрола над облаците, направи еден во форма на твоето лице“.

Го гонеа милиони сенки од еха на шепоти растопени во далечината на сеќавањата од најмали нозе, додека сè уште го бунеше слепилото на оние кои не ја поседуваа „натприродната вештина“.
Во моментот додека беше на ТВ емисија, ја предвиде поплавата која го снајде, рече дека студиото ќе се претвори во базен.
И би.
Ден потоа му се јави бизнисмен-сопственик на земјоделска компанија со покана да работи на предвидување на количеството врнежи за десет пати поголема плата од било кој метеоролог.
Одработи еден месец, намерно давајќи грешни прогнози.
Уживаше да дава погрешни прогнози.
Потоа го батали тоа и си најде саглам работа на бензинска пумпа.
Уживаше да работи на бензинска пумпа.

● **Потрага**

Склеротичната баба ја праша внука си:

- Чедо, ќе можеш да ми ги најдеш забите?
- Нема проблем бабичке, сега ќе погледнам насекаде.
- Ти благодарам – се насмевна бабата.

Устата на деведесетгодишната баба и тоа како наликуваше на устата на двомесечното бебе на нејзината внука: сосема празно, а истовремено толку полно со секакви неразбирливи звуци кои непрестајно го параа загушливиот воздух на еднособното станче.

- Нема ништо на прозорецот.
- Погледни на фрижидерот.
- Ни таму нема ништо.
- Врз печката?
- Нема.
- Во украсниот шкаф?
- Не, ни таму.
- Хммм, каде ли би можеле да се?

По неколкумиговно мислење, на бабата и светна:

- Господе, зар е можно да сум закржлавела толку? Па, забите секако се во мојата уста!
- Но, бабичке, ти немаш заби!
- На тие кои ги немам мислев, внучко.
- Леле, ти имаш склероза, а јас заборавив дека немаш вештачки заби.

Бабата се насмевна шеретски, повлекувајќи се во длабоката фотелја за да продолжи со плетење на минијатурното зимско џемперче.

- **Дијагноза**

- Господине, се плашам дека... – изусти психијатарот.
- Да?
- Се плашам дека... имате опсесивна зависност од мачки. Вашата дијагноза официјално гласи П679.1.
- Ах, Ви благодарам што ме соочивте со мојата мрачна страна докторе. Се надевам ќе успеам со Ваша помош да излезам на крај со ова.
- Секако. За почеток, пијте го леков 16 пати на ден и за неколку години ќе почнете да се чувствувате подобро.
- Ах, Ви благодарам од срце.
- 1500 евра молам.
- Повелете.
- Благодарам.

Следниот ден.

- Господине, се плашам дека... – изусти психијатарот.
- Да?
- Се плашам дека... имате опсесивна зависност од вонземјани од расата Алфа Драконијанци. Вашата дијагноза официјално гласи УФО911.
- Ах, Ви благодарам што ме соочивте со мојата мрачна страна докторе. Се надевам ќе успеам со Ваша помош да излезам на крај со ова.
- Секако. За почеток, пијте го леков 25 пати на ден и за неколку децении ќе почнете да се чувствувате подобро.
- Ах, Ви благодарам од срце.
- 13 000 кинески јуани молам.
- Повелете.
- Благодарам.

Следниот ден.

- Господине, се плашам дека патите од мошне ретко, најтешко нарушување на личноста во психијатриските кругови познато под името „нормалност“. Како што е познато, оваа болест може да биде од нормален и екстремен вид. Во Вашиот случај, за жал, морам да констатирам дека станува збор за вториот.
- Ах… и како би можел да се справам со ова?
- Се плашам дека спас Ви нема. Се работи за нарушување кое е исклучително опасно за околината и неизлечниво. Жалам, но немам друг избор освен да Ве испратам на престој во душевна болница на неодреден период.
- Неодредено време?! Но Вие не можете ова да ми го направите! Не!
- Хмм…
- Ве молам.

- Можеби и во право сте дека не можам. Но ми се чини дека за тоа би ми требале 1827 швајцарски франци. Знаете, денес ниту обичен хартиен лист не можеш да пополниш без да те ограбат по совршено легален пат.
- Повелете!
- Е, одлично! Знаев дека на Вас човек може да се потпре со обете раце.
- Благодарам.
- Молам. Позитивниот став кон животот е секогаш исплатлив.

**● Резултатите од мојата диета**

Резултатите од мојата диета беа фрапантни и сите експерти заедно со целата јавност беа запрепастени и молчеа во шок.

Некои се плашеа да се соочат со резултатите и ги ставаа своите бироа во ќош, каде испанично поминуваа повеќе часови играјќи Solitaire и Minesweeper со екстремно слаба графика.

За една година ослабев повеќе од 99 насто, а веднаш потоа, уште следниот ден, исчезнав.

Ме снема во некоја димензија која експертите сè уште ја проучуваа а се претпоставуваше дека се смалуваше и со текот на времето стана толку мала што продолжи да не постои.

Не знам како точно да го објаснам овој процес на јазик разбирлив за суштества од вашиот облик и такви кои ја населуваат вашата примитивна димензија.

По една година се вратив нов, среден, висок, интелигентен и необично шармантен.

Изобилував со неспоредлива мудрост и зрачев со харизма. Бев просветлен и го знаев тоа.

Сите ми се плашеа и ми се поклонуваа затоа што веднаш го сфаќаа тоа откако ќе ме погледнат.

„Духовите создале партија и решиле да победат на избори. Мислат дека нематеријални суштества можат да ни бидат конкуренција“ – ми рече еден пријател од партија, заменик секретар на портпаролот за секторот за односи со јавност, се почеша по носот, си го збрчка челото, поткашла и пак се почеша по носот.

Потоа плукна, разгледа наоколу, подригна, зеде чаша со вода во која истури сода бикарбона, направи гаргара и ја плукна течноста преку прозор.

По две минути, една жена се качи и затропа на врата. Имаше сода бикарбона растворена во вода на косата, по лицето, околу ушите, и на грб.

Имаше сукало и се закани дека ќе го тепа мојот пријател, но веднаш откако се појавив и реков „Не го тепај мојот пријател", оваа со длабока почит и восхит во срцето се сврте, се поклони и си замина во мир.

По неколку дена поминав откај градската депонија и, со неподвижен поглед фокусиран врз ѓубриштата, инстантно сфаќав сѐ за животите и реинкарнациските циклуси на оние кои ги имаа фрлено.

Забележав дијамантски „Ролекс" и веднаш знаев дека му припаѓал на еден поранешен политичар, сега инструктор по бришење подови во една германска сендвичара.

Потоа забележав скеле, четка и боја за ѕид и веднаш знаев дека му припаѓаат на еден авангарден сликар од маало.

Најпосле забележав остатоци од древен нуклеарен реактор и тоалетна хартија од втора рака, употребена само еднаш.

Му припаѓаа на еден друг, исто така поранешен политичар и шахист, кој сега работеше како раководител на некаков проект во нуклеарна централа.

„Ех" – му реков на еден мој пријател, ќелав Зен монах кој, веднаш до мене, собирајќи разно-разни предмети по депонијата пред три дена исто така доживеа просветление, а косата одеднаш почна повторно да му расте.

„Ех, живот. Што повеќе го знаеш, толку помалку го знаеш" – одговори и стави некои мистериозни тревки во своето луле, вовлече и испушти неколку дима во облик на кинеските симболи за „медитација", „хармонија" и „омнипрезентност", соодветно.

„Доста го пушиш тоа срање, ќе ти се испржи мозокот" – го предупредив.

„Ех" – одговори, стана, отиде до некоја дупка, потклекна, подигна некаков чуден дрвен предмет, и со гадење го стави в џеб.

„Ех, добро".

## ● Човекот Сѐ Одеднаш

2024 се кандидирав за претседател и им ветив на сите:

„Ќе направам партиските членски карти да ги замените со Мастеркард!“

Еден од толпата довикна:

„Убаво ни е во партија!“

Му вратив:

„Доста, бе“.

И ги гледам така, во партали, пијани, и ми паѓа жал. Почнувам да плачам на сред митинг од жал за народот.

Плачам, плачам, плачам.

Утредента снемува струја.

За среќа немав микрофон со мене.

„Дали е ова гасење струја реално, да бидеме реални?“

Сите двајца почнаа да ракоплескаат фанатично споулавени, да паѓаат во транс, да рипаат, пак да паѓаат во транс, да се трескаат од земја, да медитираат, да доживуваат просветление како во храмовите на Маите кои збореле за крајот на светот.

„Во својот мандат ќе направам сѐ и ќе постигнам сѐ. Ќе ја искористам енергијата од црните дупки и со нејзина помош ќе создадам голем број интернационални интервселенски интердимензионални патишта.“

Еден довикна:

„Ќе има ли црни дупки на патиштата?“

Му одговорив:

„Не, бе.“

А потоа продолжив:

„Ќе направам многу повеќе од Исус Христос, Мухамед, Буда, Кришна, Вишну, Аристотел и Човекот од челик, заедно. Јас сум Човекот Сѐ Одеднаш!“

Кивнав, го протресов левиот ракав и пак продолжив:

„За кого и да гласате, веќе знаете дека крајот на светот е за 4 години. Ако ова не ви е доволна причина да ме гласате, тогаш… гласајте за било кого!“ – си заминувам изнервирано до крајни граници и со поглед насочен кон месечината, просто вџашен.

## Ултра-хипер-мега-макси сукњесто кратки мини расказки

1

Видов еден човек како се дави во реката, нешто викаше. Нешто како „Помош! Спасете ме!“, ама бидејќи не бев сигурен, му фрлив еден запален џоинт и му реков да се смири.

Нервозата е најголем убиец.

2

Влегувам во една пиљара и слушам расправија меѓу една баба и продавачка. Продавачката деконцентрирано се врти и следниот момент бабата зема 7 крем банани и експресно ги става под палто.

Додека продавачката се врти се стемнува, изгрева ново Сонце на слободата и пак се смрачува, а јас ждригнувам и ми текнува колку беше прејако пивото.

3

- Која е смислата на животот, Перо?
- Хм!
- Сфаќам.
- Ни јас.

Тоа беше моментот кога сфатив дека одговорот на сите клучни филозофски прашања во животот е „Хм!“

(Всушност, еднаш ја имав запишано врз прашина која го беше осивила горниот дел од телевизорот, но Перо ми ја избриша. Перо ми ја избриша проклето суштинската прашина, влевајќи ми ја светата должност да го преправам, а тој, без да ја прочита суштинската порака, како од шала ја погоди нејзината суштина содржана во светиот збор „Хм“, трансцедентно-метафизички инспирирана варијација од древното „Ом“. Одговарајќи на моето евидентно сфаќање со вообичаено неразбирливото „ни јас“, Перо впрочем, ми укажа на ултимативната неопходност од надминувањето на умствениот суд контролиран од власта на егото. [Сето ова го сфатив непосредно пред моето финално и ултимативно просветление.])

4

- Sir.

- Наш сум бе.

- Sir.

- Абе наш сум.

- Sir.

- Наш сум бе, копук.

- Sir, what would you like to eat?

- Абе наш сум бе! Наш!

- Sir, we have all types of vegetarian sandwiches.

Го тргнав знамето од јакна.

- Па шо не каеш дека си наш бе пичка му матер!
- Па, еве бе.

5

Новко работеше како чистач во супермаркет во Америка.

Заборави да го исклучи алармот после работното време и дојде полиција.

Го претепаа, го однесоа во станица и на сослушувањето покажа дека не го разбира муабетот кој му го правеа.

Го викна братучед му и го пуштија.

Следниот ден заборави да го исклучи алармот после работното време и дојде полиција.

Го претепаа, го однесоа во станица и на сослушувањето покажа дека не го разбира муабетот кој му го правеа.

Го викна братучед му и го пуштија.

Следниот ден заборави да го исклучи алармот после работното време и дојде полиција.

Го претепаа, го однесоа во станица и на сослушувањето покажа дека не го разбира муабетот кој му го правеа.

Го викна братучед му и го пуштија.

Следниот ден заборави да го исклучи алармот после работното време и дојде полиција.

Го претепаа, го однесоа во станица и на сослушувањето покажа дека не го разбира муабетот кој му го правеа.

Го викна братучед му и го пуштија.

Го претепаа, го однесоа во станица и на сослушувањето покажа дека не го разбира муабетот кој му го правеа.

Го викна братучед му и го пуштија.

Го претепаа, го однесоа во станица и на сослушувањето покажа дека не го разбира муабетот кој му го правеа.

Го викна братучед му и го пуштија.

- Ебате Америка! – рече Новко, си го смени името, се истрижа скинхед и се врати во Македонија.

6

Гледав крајно дрски и безобразни слики на лаптопот марка „Дел“ 1409-2xp/20#@4830-sjj466~0^k39dlDK*U09-ksj3662 кој од преголема возбуда летна на земја со екранот надоле, делејќи се на милијарди, трилиони, зилиони парчиња.

Уште пред интервенција на Хасап службата докажав дека теоријата на струни е точна и дека лаптоп што е „Дел“ знае да биде парче.

7

- Која е крајната цел на Зенот?
- Незамарање со крајната цел.
- А која е крајната цел на незамарањето со крајната цел?
- Да ја дознаеш моменталната цена на пиперките на градскиот пазар.
- И што со тоа?
- Појма немам.
- Колку чудно – рече едниот папагал, вртејќи ја главата кон сушените пиперки на терасата.
- Колку? – праша другиот.

На тоа прашање, папагалот без збор се сврте на другата страна и помина 26 години во медитација.

Потоа одговори:

- Знаеш дека не знам?
- Ни јас. Уосталом, зошто се замараме?
- Немам појма. Животот е за да се ужива.
- Имаш право. Дај си рака.

8

*Посветено на концептот на концептуалното во концептуалноста во концептуализмот во уметноста*

- Целта на уметноста е да се изразиш со целото свое битие, природно, и така... – рече уметницата и прдна.
- Оооо, а јас цело време мислев дека не е тоа?!
- Е па сега знаеш, тоа е. Моето гостување во студиово е врв на уметноста на сите времиња.
- Аха. Фала.
- Нема проблем. Повели и друг пат.
- Кул.

Следното појавување на уметницата беше во еден театар со празна сцена.

- Ова е тоа! – рече уметницата, импресионирана од претставата.
- Да, дефинитивно тоа е тоа – рече после 192 минути и легна да спие.

Во сонот и дојде Свети Никола и ја потсети дека е во најубавите години од животот.

- Фала, Свети Никола – рече откако се разбуди на мрачната сцена, без ниту еден на сцената, без ниту еден пред сцената, без ниту еден зад сцената, без ниту еден накосо од сцената.

Тоа го рече точно на 31 февруари 2049, во моментот на крајот на овој свет и оттогаш до денес ништо не беше променето, а ништо не беше ни онака како што некогаш беше.

9

Ги соблече пантолоните, каишот, блузата, ѕиврите, гаќите, маичката, градникот, чорапите, косата, кожата, вештачките нокти, природните нокти, срцето, мозокот, внатрешните органи и едноставно, ја немаше. Немаше никој во близина.

- Пак си ги помешал апчињата, брат?
- Ваљда не.

10

Додека се враќавме од школо пред стотина години, мојот најдобар другар ми рече:

- Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило! Имам шесто сетило!

А потоа повтори уште еднаш:

- Имам шесто сетило!

Во тој момент директно во устата му шлапна гомно од ластовичка.

Знаев дека лаже за шестото сетило.

11

Младиот пејач пееше за татковината, за убавината, за космосот, за Петре Андреевски, Ристо Бомбата, Гоце Арнаудов, за природата и општеството и ги прашуваше луѓето за критики.

- Супер е.
- Закон.
- Добро ко добрата вила.
- Јако ко Реал.
- Не гледам фудбал.
- Јако ко Кристијано Роналдо.
- Ти велам не гледам фудбал.
- Е добро де, шо има веза. Ти ако не гледаш јас гледам. Зошто да се дискриминираме по ѓаволите?!
- Е добро, нема веза.
- Како бре нема? Сѐ е поврзано со сѐ! Така рекол Ајнштајн.
- Е добро.
- Доброто е исто поврзано со лошото, а лошото со…
- Еј, заеби.
- И заебаноста е поврзана со…

- Добро бе, заќути.
- А ќутењето е поврзано со...
- А бе, ти имаш ли памет?
- Паметот е поврзан со...
- Сè е поврзано со сè бе, знаеме.
- Стварно знаете?
- Да бе. Зар не знаеш?
- Не знам дека знаете.
- Ако сакаш да знаеш, стани дел од нас.
- Како?
- Дојди во Храмот.
- Ајде.

Тргнаа накај Храмот, но тој не постоеше.

- Но Храмот не постои – вчудоневидено рече пејачот.
- Туп! – го тупна неговиот соговорник по глава толку силно што овој умре.
- Ова требаше да биде просветление бе, клапчо. Како е можно младиве да се дотолку неразбрани?

И си продолжи по патот, а денот беше 29 март, прекрасен пролетен ден.

12

- Во денешно време, како што сме сведоци, целокупната култура се темели на некаков скептицизам, проникнат од негативноста на менталитетот кој нè оформува и персонализира. Позитивните аспекти и капацитети на религијата се фрлаат во заборавот на еднонасочниот бизнис-механицизам, додека истиот наместо упростување, ни го комплицира животот до полудување. Но, доста за позитивните аспекти на религијата! Јас одговорно тврдам дека религијата е многу повеќе од тоа, таа е апсолутно најсовршената креација на човековиот ум. Ако спекулант од рангот на Ниче се осмелил да ја објави божјата смрт, спекулант од мојот ве повикува сите на 27-минутна пауза по тој повод. Да му оддадеме чест на трагично загинатиот Бог – скокајќи преку клупа, на свеченото предавање по Етика изјави светски познатиот вонреден и редовен асс. проф. д-р доц. спец. струк. дипл. аналит. м-р пр л-р CEO акад. емеритус Љољо Карацонсон (по прекар Иванче) на предавањето насловено „Религиската пропаганда како схизофреничен лавиринт на носталгијата на изгубеното постоење во контекст на сознанието на постоењето каде бидејќи како но повторно целосно стигајќи натаму ,, ? зарем и така натака“ пред преполната сала со гости од целата планета и астероидниот појас.

Во салата завладеа атмосфера на тишина и мирис на изгорена ѕвездена прашина.

● **Кој високо лета, ниско паѓа**

Во станот бр. 9 на ниско приземје на улица „Тралалалала“ бб живееше господин Моцарт и секој ден по 4 ½ часа од денот посветуваше на свирење клавир, а остатокот од времето јадеше манџа, џогираше, одеше по голема и мала нужда, пиеше млеко, пиеше јогурт и спиеше.

Македонија беше одлична дестинација за свирење клавир и компонирање и Моцарт ја обожаваше.

Еден ден додека ја компонираше својата позната „Светлосива соната“ згреши една нота и тоа го извади од такт, па го дигна клавирот и го џитна низ прозор. Клавирот паѓаше и паѓаше сè додека не го претвори во паштета малото дете на тротинет кое минуваше оттука.

Моцарт потоа експресно беше уапсен од Службата за Државна Безбедност и екстрадиран во својата родна Австрија, каде доби осум месеци условно, но потоа му беше извршен атентат во вид на самоубиство со предумисла.

По три години станот бр. 9 беше населен од еден талентиран и надежен пијанист со 82,5 години кому критичарите му предвидуваа блескава кариера по мас-медиумите.

Свирејќи на својот клавир, сфати дека не е задоволен од истиот, а тоа го исфрустира дотолку што почувствува инстантна потреба да се ослободи од него.

Додека го креваше, почувствува голема тежина.

Додека го креваше, се стемни и надвор не се гледаше прст пред око.

Додека го креваше, за малку ќе му паднеше на нозе, и затоа го викна колегата и комшија со симпатично име Белчо Бартоковски да му помогне во дигањето.

Бидејќи ништо не се гледаше, клавирот падна врз еден црв и го претвори во паштета.

Истовремено, од преголемото забрзување кое следи од равенката $g = \frac{\text{GM}}{\text{r\^{}2}}$, клавирот се распрсна на милијарди мали парчиња и додека минуваа минувачите го вдишуваа, а тоа предизвика голем број алергии и слични биохемиски нарушувања.

Тоа доведе до масовно труење при што мораше да интервенира Службата за ХАСАП.

Беше 21 март, првиот пролетен ден.

По некој ден, еден поет мина под прозорот на станот бр. 9 и се запраша:

- Постојат ли подобри
  музика за уши
  и мирис за носот
  од оние на пролетта?

И потоа еден летечки клавир го претвори и него во паштета, не дочекувајќи да ја достигне својата блескава кариера која му ја предвидуваа критичарите.

(И вториот пролетен ден сите на улица „Тралалалала“ беа среќни и задоволни од климатските услови, а третиот не толку, но четвртиот најмногу.)

**● Сладолед**

Ѕвонко сакаше да купи чоколаден сладолед.
Го праша продавачот:

- Колку ви е топка сладолед од чоколадо?
- „Природата не брза, а сепак остварува сè“ – Лао Це.
- Драго ми е, ама...
- „Повреда може да ни нанесе секој, но страдање само оној кој ни е драг“ – анонимна Зен поговорка.
- Јако звучи.
- Нели? А што мислиш за:

„Умот е сè. Стануваме она што го мислиме.“ – Буда

- Одлично.
- „لقد كان لي في سعي و أن أقضي على كل يهود العالم ولكني الا تركت بعضا منهم وا تعرفوا ل لماذا كنت يدهم أب“ – Боко Харам.
- Фасцинантно.
- „Индивидуата отсекогаш требало да се бори за да не биде прегазена од племето. Ако се обидеш да се бориш, често ќе бидеш осамен, а некогаш исплашен. Но ниедна цена не е превисока за да ја платиш привилегијата да бидеш она што си“ – Фридрих Ниче.

"Секој човек кој може да вози безбедно додека бакнува убава девојка едноставно не даваат бакнеж вниманието што го заслужува" - Алберт Ајнштајн.

"Вистинската патување на откривање не се состои во барањето на нови земји но гледајќи со нови очи" – Марсел Пруст.

"Денес сте тебе, тоа е повистинито од вистински" - Д-р Сус.

"Да живееш сите денови на твојот живот" - Џонатан Свифт.

"Дали сакаш да ти кажам нешто навистина субверзивни? Љубовта е се што тоа е распукана до се. Тоа е зошто луѓето се толку цинични во врска со тоа... Тоа навистина вреди да се бори за, биде храбар за, ризикувајќи сѐ за. И проблемот е, ако ништо не ризикувате. Со, ризикувате дури и повеќе" - Ерика Јонг.

"Користи она таленти имате , шумата ќе биде многу тивок , ако нема птици пееше освен оние кои пееше најдобро" - Хенри Ван Дајк.

"Вие, колку што некој во универзумот, заслужуваат твојата љубов и почит" – Буда.

"Вашето време е ограничен, не го трошете живеат некој друг живот. Не се заробени од страна догма , која е живеење резултат на други луѓе размислување. Не дозволувајте на бучава на туѓите мислење удави свој внатрешен глас" - Стив Џобс.

"Работа како да не ти требаат пари , љубов како тебе никогаш не сум бил повреден, и танц како нема никој да ве гледа" – Ајман Ал-Завахири

" Ескимите 52 имиња за снег, бидејќи тоа е важно за нив; би требало да има што повеќе за љубов" Маргарет Атвуд.

"Секогаш кога ќе направи нешто , иако тоа може да биде познат , но за себе, запрашајте се како ќе дејствува беа целиот свет гледа во вас, и да дејствуваат соодветно" - Томас Џеферсон

"Најголемата грешка луѓе прават во животот не се обидува да заработи за живот во тоа тие најмногу уживаат" - Малком Форбс.

"Живееме во прекрасен свет кој е полн со убавина , шарм и авантура. Нема крај на авантурите можеме да имаме само ако ги бараат со нашите очи отворени" - Џавахарлал Нехру.

"Еднаш во некое време тоа навистина хитови на луѓето дека тие не треба да се доживее во светот на начин на кој што им е кажано да" - Алан Китли.

- Ама...

- "Човекот често станува она што тој верува дека и самиот да биде. Ако јас се задржи на велејќи во себе дека не можам да направам нешто , можно е дека јас може да заврши со навистина станува

неспособен да го правам тоа. Напротив, ако имам верба дека можам да го сторам тоа, јас ќе сигурно се здобијат со капацитет да го направи тоа , дури и ако јас не може да го имаат на почетокот" - Махатма Ганди.

"Дваесет години од сега ќе биде повеќе разочаран од работите што не направи од страна на оние што го направиле. Така ја отфрли јамките. Исплови од безбедно пристаниште. Фати трговија ветрови во вашите едра. Истражуваат. Сон. Откријат" - Марк Твен.

"Илјадници свеќи може да бидат осветлени од еден свеќа, и животот на свеќа нема да бидат скратени" – Буда.

"Едно лице не почна да живее, додека тој да се издигнат над тесните граници на неговата индивидуалистичка однесува до пошироката загриженост на целото човештво. " - Мартин Лутер Кинг.

"Почеток денес, ги третираат сите ви се исполнат како тие се случува да биде мртов до полноќ . Се прошири на сите нив грижата , добрина и разбирање може да се собере, и направете го тоа со не мислеше на никаква награда. Твојот живот никогаш нема да биде иста повторно" – Ог Мандино.

"Шири љубов насекаде и да одите. Никој да не некогаш дојде до вас, без напуштање посреќни" - Мајка Тереза.

"Научете како да уживате во секоја минута од својот живот . Биде среќен сега. Не чекај за нешто надвор од себе да ве направам среќни во иднина. Мислам колку навистина драгоцено е време ќе треба да поминат , без разлика дали тоа е на работа или со вашето семејство. Секоја минута треба да се ужива и осети" – Ерл Најтингејл. Инаку, нема чоколаден сладолед.
- Аха.
- Ама има од ванила, страчатела, праз, мед и ананас.
- Супер, ама...

Во тој момент во близина помина една млада девојка.

- Добар ден комшивке, како можам да ве услужам? Денес сладоледите се на намаление од 15 посто.
- Добар ден, мислам дека немам потреба од сладолед моментов.
- Пардон, намалението ни е 30 посто.
- Да, но ми се чини дека нема да земам. Презаситена сум од колачите кои тукушто ги јадев – ждригна госпоѓицата.

- Намалението изнесува 60 посто и гратис патување до Големиот Кањон.
- Не, благодарам.
- Всушност, пак згрешив, хехе. Намалението изнесува 120%, што значи за секоја купена топка од ваша страна добивате по 20% од нејзината сума бакшиш.
- Сепак, мислам дека не би.
- Ах, што ми е денес? Како можам да сум толку заборавен – се удри по чело продавачот, денес имаме специјална акција: за секој купен сладолед добивате по еден автомат за правење сладоледи заедно со дневната заработка. Со тоа, бесплатно даваме и 200 грама ум и гратис миење заби.
- Ама... – тргна да си оди госпоѓицата.
- Чекајте, госпоѓице.
- Што да чекам?
- Знаете, Лао Це рекол „Природата не брза, а сепак остварува сѐ“.
- И?
- Зарем заборавивте на кусурот?

Веднаш потоа почна да врне, а Панде, кој помина оттаму, си рече „До кога?“, се почеша по ќелавицата и продолжи.

## ● Поет од 21-от век

Еден поет од 21-от век заминал на печалба за Америка.

На 15-минутната пауза од работа, седнал на една правлива, полураспадната фотелја од шарен сомот и запишал:

„Америка е ваква. Америка не е таква.

Америка е голема и мала во исто време.

Америка е со големина на зрнце песок.

Поточно, Америка не ни постои зашто е колективна илузија.

А јас тоа не го знам зашто сум субјективен.“

И почнал да кива.

„Проклетата алергија ми ја прекина инспирацијата,

А за тоа уствари Америка е крива.“

И од тој момент престанал да биде поет. Или да живее во 21 век.

Една од тие две работи, не се сеќавам точно.

● **Еден гитарист**

Беше гитарист веќе 20-тина години и дел од безброј фестивали насекаде низ стариот континент, но истовремено беше повеќе абнормален отколку успешен. Ептен ги ценеше *Пинк Флојд* и *Азис*.

Особено го болеа срцето и левиот бубрег од десно, накај средина, кога некој аматер ќе почнеше да ја свирка „Милионерче“ со неправилен ритам.

„Живи бруки“ - си велеше сам на себе гласно додека пешачеше.

„Ме болат срцето и левиот бубрег од десно, накај средина, кога некој аматер ќе почне да ја свирка „Милионерче“ со неправилен ритам. По ѓаволите со вас, аматерите.“

Се мислеше кој му е поголемо музичко влијание.

И (мислам дека) сè уште се мисли.

Го гонеше една мисла: „балансот е клуч на сите успеси и радости во животот“.

Кога ќе му се случеше нешто неубаво, ќе ја помислеше таа мисла и проблемите исчезнуваа како пареа.

Коцкањето го впрегна во апсурдистичката кочија на паралелното себепронаоѓање и себегубење. (Што тоа и да значи.)

Умот му беше она што тој обично го нарекуваше „апетисан“, а сите останати - *дрога.*

Еднаш ми се пофали дека бил на неколку дена до Холандија на одмор.

„Со кои пари, бе?“

Рече дека се занимавал со продажба на мебел, а од пред некој ден преминал и на бела техника. Си го продал фрижидерот.

Беше супер-популарна фаца за сите женски профили, а до некаде и анфаси.

„Каде за Нова?“ - го праша една кадрава плавуша со црвен фустан и потпетици со должина на врвот од нејзиниот нос.

„А бе, си се фарбала? Си направила пластична операција на носот? Зошто си ги облекла тие потпетици со должина на врвот од твојот нос? Откај бе ти

тука? А која си ти уствари? Од кога си кадрава? Откај црвениот фустан, ма? Ја знаеш ли сцената со жената со црвениот фустан од „Матрикс“? Ти текнува ли која беше пораката од тој момент? Знаеш ли да читаш филмски пораки и зошто не? Нели „Матрикс“ е најдобар филм? Нели?“

„А?“

„Не слушаш добро, а? Што ќе правиш за Нова?“

„Па, ќе гледам да гледам филм.“

„И јас. Какви коинциденции по светов.“

## ● Еднаш, едно просветление

Чекам автобус на станица. Имам точно 7 минути.

Гледам 4 мравки и една бубашваба на ѕидот и од најдлабоките сфери на потсвеста ми извираат прашања од типот:

„како ли е да се биде 4 мравки“, „како е да се биде бубашваба“, „како ли е да се биде ѕид“, „зошто постоиме“, „како ли е да се биде заменик-министер за земјоделство“ и „која е смислата на смислата во тоа да се поставуваат прашања за смислата“.

Размислувам и одеднаш се трансформирам.

Ми се создаваат подочници, диоптријата ми стига до шестка, сфаќам се’ за научниот метод, ментално пишувам епистемолошка расправа во 4 чина, престанувам да се занимавам со политика, ми паѓа косата и ми се обликува во форма на полумесечина и ѕвезда, палтото ми се трансформира во бел мантил, де факто станувам научник.

Доживувам Просветление и во свеста ми се врежува шемата:




Сфаќам дека се' не е релативно, и е, и повторно не е.

Остануваат уште 6 минути, а во главата и понатаму ми се врти шемата.

Одеднаш ми текнува на една древна мудрост: „Ако сакаш да го победиш непријателот, биди непријателот“.

Си велам: „Ако сакаш да ја победиш шемата, биди шемата“.

Седнувам и медитирам. Наскоро станувам шема.

Часот е точно 19:03, момент пред поаѓање.

Одам кај кондуктерот, му го давам билетот, а овој одговара:

- Дечко, овој билет е за пред 7 години. Да не си нешто грешка?

- Хм... – одговарам, блештејќи севселенска мудрост, хармонија и интелектуална супериорност.

Ја подигам левата веѓа, го земам билетот и продолжувам да медитирам. Станувам грешка.

Рано в зори станувам, се пресоблекувам и тргнувам накај изгрејсонцето, спремен за соочување со суштинските и апсурдни искуства кои понираат низ нашата потсвест од разнообразните искуства на животот, чекајќи погоден миг за откровение во нашата смртничка свест.

## ● Бизнисот на Кларк Кент

Кларк Кент на 23-ти октомври пред неколку години отвори семкарница карши „Рекорд“ али немаше доволно кеш, па реши да го пренасочи бизнисот и отвори Претпријатие за спасувачки услуги „Супермен и пријателите ДООЕЛ“.

По месец дена реновирање го начека и првиот муштерија, кој влезе, се насмеа злобно под неизбричениот мустаќ, ја спушти француската шапка со перче изработена од чиста кожа, се насмеа уште еднаш злобно под другиот неизбричен мустаќ, се сврте под агол од 64 степени и излезе на раце.

Си ја стави пак француската кожна шапка, овојпат без перче, и замина.

Во тој момент во близина помина продавач на еден весник со шише вода во раце, кого Кларк Кент, изнервиран, го погледна под око.

Овој се препна, подголтна, плукна една капка од водата што му беше во уста, се сврте во полукруг, и запрепастено му викна на Кларк Кент:

- А бе ти знаеш ли кој сум јас!? Имаш ли грам совест бе! Како не ти е срам така да зјапаш бе! А бе...

Кларк Кент имаше проблеми со грлото и поткашла.

- Па се дрзнуваш и да прекинуваш бе! А така ли? Е ќе видиш после на директорот на весников што ќе му кажам! Братучед по на мајка ми вториот братучед старосватот ми е! Ќе видиш и ти и пријателите твои!

Зеде лист и почна да запишува.

- Су-пер-мен-и-при-ја-те-ли-те! Е така. Ќе видите сите. Ќе видите дека ќе видите! Бандо кокш... кокштх... кокшхтх...

- Кокхштаплерска.

- Кокхштаплерска бе! Ма има да ве нема од тука бе! Ова е центар на градов, центар на државава, а сите знаеме колку државава отиде напред последниве години.

Приходите за 2014-та изнесуваат 158 243 000 000 денари, 148 832 000 000 од изворни приходи, 5 290 000 000 од капитални инвестиции и 4 121 000 000 од донации, додека вкупните расходи изнесуваат 176 514 000 000 денари, што всушност значи дека дефицитот изнесува 18 271 000 000 денари.

Порастот на бруто-инвестициите изнесува 7,5% на реална основа, кај извозот на стоки и услуги забележуваме раст од 6,2%, а вкупниот раст на увозот изнесува ни повеќе, ни помалку, ами 5,6%. Номиналниот раст на БДП во 2013 беше 7%, а реалниот 2,7%, годинава се прогнозира до 3,2% реален раст, а од година проекциите на Светска Банка се над три и пол проценти.

- Како се викаш бе?

- Раде.

- Еј, Раде, ај биди на три и пол и не замарај.

- Добро, нема повеќе. Поздрав и имајте убав ден.

Утредента на насловната страна на сите весници пишуваше „ШОКАНТНО: Супермен и пријателите – организација спонзорирана од тајни друштва, меѓу кои „Светлосива Ружа“, „Череп и остеопороза“, „Не за абортусот на малите сини пингвини“,„Редот на белите пигмејци“, „Почитувачите на делото на Драги Шпага“ и „Сите ние кои сме таму кадешто сме“.

Од другите вести пишуваше: „Од другите вести, економијата во 2016 ќе има реален раст од 4 проценти, во 2017 – 8, во 2018 – 16 и , во 2022 – 32, во 2034 – 64, во 2055 – 128, а во 2056 ќе настане Третата и половина Светска Војна“.

По неколку часа, Кларк Кент целосно банкротираше, мораше да затвори и да се трансформира во Супермен.

Супермен исчезна на 25 ноември.

Легендите велат дека, додека летал, ја преминал границата на црно и оттогаш радарите престанале да го следат.

Некои велат дека одлетал преку океанот, иако не можеа да го видат тоа, така што, според други, стануваше збор за политички-мотивирани шпекулации.

## ● Еден експлицитен расказ

Се запознавме не многу одамна, додека и обајцата патувавме со истиот воз. Седна кога минавме низ нејзиниот град.

Освен што со севкупноста од совршено симетричното и чисто лице и тело кое очигледно подложеше на секојдневни тренинзи изгледаше како супермодел, сите телесни движења ги правеше со елеганција кореспондентна на својот изглед. Dolce & Gabbana директно од Милано, од глава до пети.
Парфемот и мирисаше на повик за присуство овде и сега, посилно од секаква медитација.
Нејзината јарко црвена коса беше кофеин за очите и не дозволуваше непримеќање на било кое нејзино движење.
Седната отспротива, молчеше, ѕверејќи се во телефонот веќе цел саат.
На неколкуте банално поставени прашања одговори „реда ради“ и престанав да ја замарам.
Мигот кога минаа тројца пријатели ја отвори можноста да не се замарам со тоа дали ја замарам, и, подавајќи им ја раката за high five, и ја подадов и нејзе. Очекувано, се насмевна и го тргна досадниот телефон на страна на момент.
Мислев дека наскоро ќе престане и ќе се врати во претходната состојба на ум, кога почна да ми прави муабет.
„Никогаш не сум патувала со воз во животот“ .
„Ех, стварно?“ - се штрецнав.
„Да, стварно“.
„И, какво е чувството?“
„Па... не знам. Невообичаено, во однос на се друго. Има повеќе простор... а и луѓето се... поинакви“ - се насмевна.
„М-хм“ - занесено одговорив.
„Во која смисла поинакви?“
Ги прекрсти нозете обвиени во супер секси хеланки.
„Едноставно, ми се чини како да е виновен просторот што си земаат поголема слобода во однесувањето“.
И дадов до знаење дека е прочитана преку враќање на истата насмевка.
Имаше 2 можности: 1) од километар „позна“ дека сум мистер „фин дечко“; и 2) класичен женски блеф за „намалување“ на „цената“ на оној кој се дрзнал да и ги наруши мирот и досадата за време на патување.
„Слободата е мајка на секој прогрес“.
Фокусирајќи се мигум на снегот надвор, ја свртив главата.
„Еј, остани така на момент!“
„Како?“
„Нема веза. Заврши работа. Мислам дека во профил те познав“.
„Да? Ме знаеш?“
Се насмевна.
„Се разбира. Ти си Марко Стефановски!“
„Хахах. Тој сум. Немој да ми кажеш дека...“
„Сум те читала?“
„Па, освен што ме читаш ментално“.

„Ти ја знам „Продавачот на ветар и магла“. Како низ магла се сеќавам дека имаш и една песна во кој опишуваш флерт со девојка која ти рекла дека те читала“.
„Навистина? И како завршува?“
„Уф, маглата е толку густа што дури ни продавачот не може да ја растера.“
Се насмевнав.
„А твоето име е?“
„Ивана. Извини што не се претставив“.
Следниот пат кога се видовме, носеше едни од, како што ми рече преку порака, 200-те пара хеланки кои и го потенцираа XXL-совршениот облик на задник ко јас што се обидував да и ја потенцирам мојата примедба на овој детаљ на што е можно помалку директен начин.
Ме покани во нејзината кола. Се качив со цигара в уста, иако непушач. Имаше и таа. Цигара. Сместена помеѓу совршено црвените, правилни усни со кои ја надарила мајка и Природа.
Имаше и други нешта, како на пример, 11-годишен „Вранец“, тукушто отворен.
„Може?“ - ја прашав, доближувајќи го шишето до една од пластичните чаши кои и ги најдов в кола.
„Мхм, срце“.
Излеговме во познатата „Менада“ во старата скопска чаршија, каде случајно се видов со еден неколку години постар, мошне познат поет, омилен меѓу девојките на социјалните мрежи. Беше затскриен во едно ќоше; супер-егото сепак не испарило сосем.
Изгледаше како да го врнел град 13 дена. Башка беше петок 13-ти.
Начукан, испиен во лицето, облечен во полураспарталено палто. Си помислив на евентуалните реакции кај истиве девојки доколку го регистрираа во изданиево.
„Срц, дали е ова тој што мислам дека е?“ - ме праша девојката.
Кимнав потврдно.
„Неверојатно. Никогаш не сум го замислила ваков, иако...“
„Иако пијанството му е топ тема, м?“
„Да“.
„Во тој случај, не си го замислила доволно вивидно и реалистично, бејби. Што и тебе, на некој начин, те прави поетеса.“
Се насмевна и ме баци.
Потсвесно ја предвидов.
Поетот дојде и клошарски почне да ме моли да го честам затоа што никоја од неговите интимни пријателки во поезијата не сакала да го стори тоа.
Како да беше лут и љубоморен истовремено од причини кои можеби, само можеби би можел да ги искаже преку стих.
Лут што отсекогаш, особено тој миг, го гледав онаков каков што навистина е. Просторно-временски изгубен човек, кој својата изгубеност во просторот и времето ја криеше во своите мелодраматични стихови посветени на реални девојки кои на нив мастурбираа, гордо фалејќи се.

Обично еквивалентна беше и мојата емоционална испомешаност и внатрешна брканица која ме обземаше кога нешто ќе ме потсетеше на поетот.
Иако исплукан од критичарите, воопшто не беше неквалитетен; напротив, поседуваше и тоа како стилски вредни аспекти.
Сепак, имаше и подобри, а јас бев еден од нив.
„Да не му љубомориш, убавецу?“ - ме праша девојката која беше неможно а да не забележува се, дури и она во внатрешноста на твојата глава.
„Се разбира дека му љубоморам. Се разбира дека им љубоморам на сите кои како него успеале да се афирмираат. И нека одат по ѓаволите сите квалитетни уметници кои не се љубоморни на медиокритети кон кои вниманието на генералната публика се напумпало ко цицките на Цеца. Тоа кажува дека немаат животна енергија“.
„Извонреден маркетинг, селебрити лица кои ќе те промовираат, добар издавач, инспирација од реални настани и пред сѐ, натчовечка упорност и фокус на генерални женски теми. Следи го рецептот и ќе станеш како него“.
„Се шегуваш? Се разбира дека не сакам да бидам како него“.
„Па тогаш?“
„Се надевам, барем до некаде сфаќаш што може да очекува уметник од мојата сорта од својата публика.
Искрено, на миг почувствував дека халуцинирам мигот кога рече дека ме познаваш“.
„Чудно, бидејќи и јас го почувствував истото“.
„Можеби затоа сум писател. Бидејќи, како и ти, девојко, некогаш и јас умеам да ги читам срцата на луѓето, преточувајќи ги во симболика за она што го носиме в глава. Јас сум логопед на срцето“.
И по втор пат страсно ги залепи совршено црвените усни врз моите, мотајќи ја разголената десна нога околу мојата наддадена лева, дополнително поткревајќи ја сексуалната тензија произлезена од моето манијакално посматрање на секое нејзино движење.
„Можеби треба да бидеш како Буковски“.
Ја оттргнав на момент.
„Од толку книжевни копилиња на светов кои не ги поднесувам, го погоди праизворот. Архето. Немој, те молам. Зар немам право да уживам во спокојството на моментов?“
- и го вовлеков јазикот доволно длабоко за да спречам одговор на суштински реторичкото прашање.
Во устата и се топеше арома на ментол. Ја впив за миг.
Заминавме во една зафрлена затка на еден запуштен кварт.
Веќе беше 3 по полноќ, но тоа не му значеше ништо посебно на мојот драг пријател кој цело време се обидуваше да ѕирка низ тесното, закопчано отворче од фармерките кое и онака не остана закопчано уште долго.
Миг откако го сопре автомобилот, мракот стана прекрасен сојузник на чувствата кои се спремаа да го остварат својот излив преку совршен спој на телата.

Пријателот од долу конечно ја доби својата прилика мигот кога го ослободија тенките женски раце кои асоцираа на перфектна негуваност.
Веќе следниот миг неговиот врв се спои со перфектно негуваните, црвени усни по кои толку копнееше.
На миг се потсетив на Микеланџеловата „Создавањето на Адам“ од Систинската капела на која не така одамна и бев гостин.
„Навистина ти е голем“ - со израз на зачуденост тивко изрекоа со акцент кој дополнително го поткрена, забодувајќи се малку подлабоко, некаде во средишниот горен дел од усната празнина. Како да сакаше да и каже „Доста разговор, време е за работа“.
Девојката со лице од бајките едноставно знаеше како да го прави тоа.
Елегантно ја вшмукуваше кожичката додека и беше длабоко внатре, за потоа да ја истурка со својот прекрасен пирсан јазик и воздух под притисок, разголувајќи ја главичката додека се уште и беше в уста.
Допирите со пирсот дополнително го поттикнуваа растот, така што за вкупно 2-3 минути, максимумот беше достигнат.
Имаше пирс и на едната ноздра.
Непрекината насмевка и беше врежана на лицето во текот на целото време додека го имаше в уста.
Го ставаше толку длабоко што очите непрекинато и солзеа и на моменти поткашлуваше.
Ја подигнав и на момент и и ја возвратив услугата со градите.
Истовремено се обидував да го покријам секој сантиметар разголено месо со својот допир кој таа го нарекуваше „магнетен“.
Ја галев нежно, наизменично менувајќи меѓу врвовите на еден или повеќе прсти и дланката. Косата, рамото, делот околу клучната коска, градите, просторот околу нив, стомакот, нозете, за потоа да се вратам на различни делови од рацете и дланките. Грбот ми беше специјалност.
Го чувствував нејзиното пријатно ежење. Речиси бевме Едно.
По некоја минута и навистина.
И го ставив бавно, пратејќи го темпото со кое се адаптираше. Силно ја држев во раце, нежно потпрена на автомобилскиот ѕид.
„За почеток, кружи додека го движиш нагоре-надолу“.
Ги остварував нарачаните комплексни движења за кои неконтролираните воздишки и стенкања ми исплатуваа веднаш.
Цедето од MP плеерот ја имаше најневеројатната музичка мешавина. Portishead, RHCP, Radiohead, REM, Spin Doctors и туп!
Одеднаш некој откачен ремикс на „Турски марш“ од Моцарт со електрична гитара и други дребулии. Потсетник за менување ритам, а со него и сѐ друго.
„Мила“ - и се обратив.
„Да, убав?“
„Нели е интересен феноменот кога „ќе станеш“ „уметник“ во нашево општество и кога уште од првиот поглед сите го оформиле мислењето за тебе уште со првото твое дело?“
„Не знам дали е интересен. Тебе ти е?“

„Знаеш, во ебенава вукојебина се почнува со ебеното семејство. Од раѓање ти ја полнат главата со проклета тиња, ТИЊА од предрасуди и идиотски верувања со кои го скриваат незнаењето и сопствените умоболни предрасуди и сексуални фрустрации.
Некој куропушачки квази-морал кој ти го „програмирале“ кога си бил најранлив, произлезен директно од нивните сезнаечки пост-комуњарски тикви. А од твојата етика произлегува и твојата естетика. Се прашувам што ли рекол читателот на перверзниот расказ на Марко Стефановски?“
„Е па, знаеш... не сите можеле саглам да ја искористат оваа глава, па морале на еден или друг начин да ја користат онаа горе“.
По кратка пауза, одеднаш додаде: „Тукуштo се сетив на еден аспект од моето читање на таа песна!“
„Да?“
„Мхм“.
„И?“
„Продолжи и ќе ти кажам“.
„Ветуваш?“
„Всушност, само на тој начин, ми се чини, може да ми се врати меморијата“.
Забрзав со ритмот.
„Девојко, тукушто сфатив дека, всушност, филозофирам додека го правам ова“ - одеднаш почнав да фрштам од смеечки занос.
„Не запирај сега!“ - врескаше подеднакво занесената црвенокоса.
„Запирам само на знак на кој пишува *Стоп*, дарлинг“.
Од колата почна да ечи ебен олд скул рап.
Во паралела со неговиот, се одвиваше ритмот на пенетрирање.
И влегував со брзини и насоки кои и ги читав на лицевата мапа на желби.
И ја чувствував влагата распространета секаде наоколу.
„Сакаш да ја смениме позата?“ - и предложив.
„Ако не си уморен...“
„Се разбира, не сум“.
„Тогаш, совршен си за оваа. Експлодирам од убавини“.
Продолжив, истовремено оближнувајќи и ги преубавите цицки, вратот, образи, уши.
Стенкаше неконтролирано како аларм за будење.
„Ниту на крај на памет не претпоставував дека си олку надарен и силен. Не ми делуваше на особено искусен, искрено“.
Ја држев во раце целото божје време, движејќи го целото тело нагоре-надолу, така што не мораше да дава особен напор.
И го почувствував свршувањето. Особено моите гради. И беше затегнат секој видлив мускул. Мислам дека и дојде спонтано.
Не можеше да ги контролира рацете и со ноктите ми остави мали гребнатини по градите.
Тоа беше мигот кога и самиот влегов во завршниот акт.
Како да го чув тропотот на од моите дланки врз портите на Емпирејот.
„Беше незаборавно. Сакам пак“.

„И јас, убава. Ќе имаме уште прилики“.
„Големината и обликот се идеални. Како да сме направени еден за друг. А и твоето тело е ултра-секси“.
„Нашла која да збори“.
Се насмевна.
„Не ми кажа за аспектот од читањето на песната“.
„А, да. Се сеќавам дека траеше кратко, а сврши толку непредвидливо и интензивно“.
„Перверзнице мала“.

***

Следниот пат, недела подоцна, ја видов додека патувавме со истиот воз.
Јас, таа и маж и.
Кожата и сјаеше.
Ја фрли онаа насмевка. Уште да имав со што да ја фатам.

***

Непосредно потоа решив да напишам еден експлицитен расказ. Таков кој ќе биде читан од сите вас.
А можеби и не го напишав заради тоа.
Впрочем, заборавив зошто го напишав, а и што е важно кога еднаш се живее?
Експлицитноста на неговиот автор е толку непристојна и непримерна, што сепак одлучил да го напише. И објави. За потоа вие, драги мои, да критикувате и судите.
Некои ми рекоа да не го ставам затоа што добар дел од вас веќе ме гледале како ментор за самопомош, човек кој со својата позитивна психологија од претходно објавената книга сакал да помогне да се чувствувате безбедно и сигурно во кожата која веќе ја заземате. Или ве зазема, сеедно.
Впрочем, токму ова е причината заради која истиот го гледате меѓу страниците на книгава: вашата безбедност и сигурност (пред сè, онаа во себеси) не може да биде поголема од мигот кога би достигнале целосна искреност со себеси.
Земете ја за пример секоја споделена.

**● Еден експлицитен мета-расказ**

Решив да напишам експлицитен расказ (дотолку експлицитен што решив да биде носител на префиксот -мета).
Експлицитноста му е толку изразена што меѓувремено сфаќам дека не можам да го споделам со вас.

Мигот потоа сфаќам дека истиот е уште поексплицитен: дотолку што неговата голотија останува надвор од восприемачките капацитети на мојот ум; ниту листот ниту мастилото постојат.
Реалноста е целосно и совршено гола.
Миг потоа сфаќам дека мојот ум и сетилата не постојат, а јас сум индивидуализиран облик на универзалната свест иманентно предаден на сопствената (делумно) илузорна (мета)претстава на светов.
Земајќи го пенкалото потпрено врз врелата шолја липов чај и хартија, свесен дека, како и самиот јас, не постојат, крајно сериозно врежувам некакви симболи кои во своето совршено заедништво би требало да бидат замена за реалноста на умот и сетилата.
Одеднаш земјотрес.
Една ваза паѓа од врвот на двометарскиот шифоњер и ме акнува по тил.
Несвест. Сон. Краток одѕвон на некоја втора, трета, четврта... реалност или мета-реалност.
Се враќам во првата. Болка.
„Од каде болкава ако умот и сетилата не постојат?“ – се сепнувам и како штотуку роден плачам од болка.
А и дека одеднаш станувам програмиран плачко.
Дека експлицитноста на животот од самиот миг на раѓање ми ја разоткрива експлицитноста на неговиот крај.
Одеднаш пак земјотрес, но продолжувам да пишувам.
Сите симболи се деформирани, а јас и понатаму сум совршено гол ко од мајка роден и не постојам.

## • Архипелаг

1

Сплавот со кој отпатував до островот отаде брегот на кој беше запишан и поголемиот дел од оваа приказна, беше привремено решение, несомнено најдоброто кое воопшто можев да го остварам по ненадејниот бродолом.

Наеднаш се најдов целосно отсечен од светот кој некогаш сум имал можност да го спознаам.

Островот на чиј југозападен брег, неколку дена откако пристигнав го бев изградил и своето живеалиште – колиба од правилно исечени и измазнети палмини стебла имаше пријатна суптропска клима, беше населен од илјадници видови птици, гуштери, желки, змии, лилјаци, полжави... Можам слободно да кажам дека сите животни кои го населуваа имаа вонредно мали димензии, чиниш двојно помали од оние кои вообичаено ги гледав претходно во родниот крај.

Ах, сигурно ќе сакате да ме прашате колку време минав таму, а мојот најискрен одговор ќе гласи: „не сакав да го мерам времето“.

Навистина, колку и да е невообичаено од еден бродоломник да не води строга евиденција за секој ден минат на остров на кој со години е единственото човечко суштество, токму таков е мојот случај.

Немав ниту средства да водам дневник, како што правев долгиот период минат на Големото Копно.

Ниту пак, воопшто, водев грижа за часовите како тогаш.

Негрижата за сето она што е врзано за временскиот параметар, ќе кажам, е нешто што оттогаш веројатно ќе остане во мене дур сум на Земјава.

А често, освен што бев безгрижен, изгледа сакав да заборавам на тоа.

Дури, да заборавам на заборавот.

Во случајов, не сакав да се грижам за времето кое ќе го минам на островот, плашејќи се од негативните доживувачки ситуации кои, како што имав прилика да дознаам уште дури безумно трагајќи по маѓепсувачките авантури кои ги нудеа способностите на телото додека бев во своите рани дваесетти, ме доведуваа на работ од некакви целосно отсекувачки од светот на реалноста, идеи и чувства. Сигурно „новите реалности“ кои ги оджинувував тие години не го изгубиле целосно својот потенцијал да се вратат на идентичен начин како што беше случај со нивната оригинална појава, и затоа одбегнував какво било мисловно навраќање кон сите психолошки околности кои сметав дека можеа повторно да ги вбризгаат во мене стравовите од ограниченоста во секоја смисла, од смртноста, од човекувањето, од постоењето воопшто.

Впрочем, мојот новопојавен оптимизам на островот кој подоцна го нареков „Сончева Надеж“ беше можеби најсуштинската промена на мојот живот.

А можеби и оптимизмот беше едноставна форма за позитивно дезавтоматизирано следење на настаните кои не зависеа од мене, оние отаде дофатливото за човека.

2

Бродоломот беше најневеројатниот призор во мојот живот.

Веќе не можам ниту да одредам дали повеќе се мразев себеси заради наивноста со која го прифатив предлогот за бесплатно патување со брод во улога на морнар, работа со која никогаш во својот дотогашен живот не сум почувствувал допирни точки, или би требало да го мразам човекот кој ми ја понуди работата, а кого, откако ја прифатив, не го ни видов.

Откако дознав дека сум единствениот преживеан, на некој мистичен и за зборови недоловлив начин  го изгубив и онака празниот простор во душата да мразам кого било.

Се навикнав да живеам на начинот на кој преживувале моите пра-претци, од кои не забележав ниту трага на својот, а ниту на некој од вкупно шесте острови околу него.

Дента кога исполовив беше 27-от ден од патувањето.

Трагачите веројатно ме отпишале од листата на евентуални преживеани, прогласувајќи ме, заедно со останатите, за мртов или исчезнат.

По тридневно пловење го забележав првиот од седумте острови, оној на кој првите неколку дни ги минав во апсолутно надоместување за жедта, гладта и умортa кои полека ме убиваа.

Отпрвин се хранев со живи инсекти, гуштери и птици, чие месо го издвојував со помош на импровизирано камено сечило.

Во меѓувреме интензивно испробував да запалам оган преку триење парчиња дрво и удирање камен од камен. Ме послужи среќата на вториот начин.

Но, знаев дека ќе мора да ја научам вештината во најкус остварлив рок.

Направив ражен на кој ги набодував умртвените животинки.

По неколку дена беше готова и импровизираната колиба каде одлучив да минам уште неколку, додека не успеам да ја проширам таквата градба.

Ја изградив на само неколку чекори од единствениот островски извор.

Можев само да им благодарам на природните сили што таков оставиле на пустелијата каде што се наоѓав.

А кој би помислил дека неколку години потоа она што тогаш го нарекував извор ќе прерасне во река која ќе ја поплави и однесе не само дотогаш видно проширената колиба, туку и огромен број палми околу неа, истите врз кои имав изградено и своевидна кула од која можев да ги следам настаните на островот и која ми беше од неизмерна помош во ловот.

Сепак, тоа скоро и да не ја загрози мојата егзистенција; по околу еден месец од пристигањето на островот Сончева Надеж веќе завршив со изградбата на чамец со кој планирав да заминам во извидништво до некој од шесте острови до кои ми допираше видот.

Можеби некои од нив беа населени.

3

Не се излажав во таа претпоставка.

Впрочем, напуштајќи ја Сончевата Надеж со храна и вода за неколку дни, како и неколку од дрвцата со кои се научив да палам оган, лакот, стрелите и едно копје, кои, се надевав, би ми послужиле како орудија неопходни за

обезбедување храна, се упатив на југозапад, кон веројатно најголемиот меѓу архипелагот острови.

Токму овде за прв пат имав контакт со островјаните.

Меѓу дрвјата непосредно зад плажата на која пристигнав забележав двајца домородци кои влечеа некакво животно кое потсетуваше на газела. Сепак, доближувајќи се надвор од нивните погледи, забележав дека станува збор за некоја крупна мачка, слична на леопард.

Несигурен во начинот на кој би реагирале кога би се појавил, почнав да ги следам.

И тоа можев да го правам сè додека не навлегоа низ еден планински теснец, кога, доближувајќи се на растојание достатно да ги распознаам нивните лица, забележав дека станува збор за жени-воини.

По телата не можев да ги разлачам!?

Маскулинизираноста на женските тела, впрочем, веројатно беше масовна и вообичаена појава на чудесниот остров.

И во тоа, поскоро одошто можев да замислам, се уверив.

4

Всушност, жените-воини дознале за моето доаѓање долго пред и да го остварам.

Неколкумина од нив ме забележале од своето рибарско бродче уште додека се двоумев дали хоризонтот пред мене открива копно или се работи за уште една фатаморгана.

Наскоро бев фатен и окован во сребрени окови.

Моите сеќавања од тие дни, сосема нагло, речиси привршуваат овде.

Се сеќавам уште на тоа дека бев одведен во внатрешноста на кулата чиј врв ги параше дури и облаците, истите оние кои ја предизвикаа бурата која ме донесе во непознанството, придружувајќи се на и онака никогаш смиреното море.

Делумно се сеќавам и на своето пијанство.

Бев опијанет, ми се чини, не по своја волја.

Жените кои живееја во замокот, за разлика од оние кои ја сочинуваа „војската“ беа физички најпрекрасните суштества кои некогаш сум имал прилика да ги допрам. А ги допирав многу, без престан, нежно, љубејќи ги, најчесто без преголем еротизам, како во атараксија.

Калиопа, островската кралица беше најубавата жена која некогаш влегла во прегратките на очиве.

Моите последни спомени, со исклучок на дните кога требаше да го напуштам островот, беа врзани за нејзе.

Во тајност успеав да изградам минијатурна верзија на сплав, доволен, според мојата процена, да се вратам на Сончева Надеж. Имајќи ја предвид довербата која ми беше укажана од Калиопа и нејзините поданички, во тајност успеав и да отпловам.

По скоро целодневно пловење, се вратив.

5

Не сум сигурен дали впрочем ќе ми беше дозволено да заминам од островот доколку ја прашав Калиопа, но во секој случај „не ризикував“.

Сепак, по сè изгледа ризикот во кој се впуштив беше поголем одошто некогаш би очекувал.

Не очекував дека ќе остарам на островов.

А токму тоа доживеав.

Заборавив на својот дом, на пријателите и бескрајните весели дружби опчинети безброј задоволства и пороци, на саканата, на животот од пред островот.

Денес си мислам: во мигот на напуштањето на оној остров каде можев во безгрижа да го минам остатокот од животот и со доживување на себе си кое би соодветствувало на доживување на некаков бог во своето тело, сум заборавил на својот заборав.

Тогаш мечтите за враќањето дома ме оддржуваа во животот кој сè уште го посакував, со целата еднообразност и грдотија на кои бев препуштен од самотијата.

Сега, пак, неповратот беше мојот благослов кој ми ја дари силата на заборавот, чија важност ниту сега, чинам, во целост не сум ја сфатил.

Можеби беше исто во сопственото кралство или овде.

Можеби да се биде бог и не е толку поинакво од она што отсекогаш фантазирав.

Можеби... ах, навистина не знам дали целта на претпоставкиве е да ме утешат или целосно да ме удават во рамнодушноста низ која веќе непознато долго патував. Или пловев?



**СТЕФАН МАРКОВСКИ** е анаграмско име на МАРКО СТЕФАНОВСКИ кое е анаграмско име на авторот на оваа е-збирка. Затоа, како би избегнале натамошни забуни во однос на името на овој човек деклариран како автор, во овој текст деклариран како биографски би го нарекле просто и некомплексно и едноставно и симплистички – С.

С е дечко кој долго време од својот недолг живот (24) се замарал со пишување и успеал да објави 6 (романи, збирки поезија, истражувачки книги за свеста и филозофски метафилозофии) и напише уште бар толку необјавени книги.

За најбитна си ја смета својата најмалку читана, за жал на себе и светот – „Хиерархиска еволуција на свеста", на која директно и индиректно работел колку времетраењето на цел пратенички мандат.

Со оваа, инаку мошне практична дејност во контекст на современото македонско оптество е преокупиран од своето трето одделение, но во суштина сѐ почнало дури откако добил 2 награди во средно: една од МАНУ (за расказ) и една од тогаш постоечката Фондација „Рамковски" (за роман).

Инаку, овој текстуален простор деклариран како *биографски* го користи за да декларира дека се храни здраво и редовно вежба т.е. е во хипер-добра физичко-ментална форма, висок е 186 сантима, има тиркизни очи и 77 кила, неженет, образован (со еден завршен и уште еден [за уште еден предмет], за жал, незавршен факултет[1], но кој се надева, ќе му помогне да прошета по втор пат до Америка) и материјално (недоволно) обезбеден и бара животен сопатник во женски род еднина, кој не успеал да го најде токму заради својата манијакално-компулсивна опсесија со хартиени објекти популарно познати како *книги*[2].

За среќа, авантуристичката страна на С. му дозволила малку да живне, доаѓајќи до израз де во вид на патувања низ Европа и светот (и успатно запознавање со варијабилни хуманоидни форми на живот), де во вид на боречки вештини и други спортови, де во вид на пишување раскалашени автобиографии и други видови раскалашеност.

И така... мејлот му го имате. Телефонскиот број моментално (од пред некој саат) му е деактивиран.

Планира да го обнови до крајот на месецов пошо ќе му треба за комуникација со агенцијата која планира да му помогне да ја премине барата наречена Атлантик.

[1] Станува збор за исто така практичните во контекст на македонското општество и култура – Општа и компаративна книжевност и Филозофија

[2] Всушност, ова можеби требаше да биде шега